# АСПЕКТИ НА СЕКСУАЛНОСТ И СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Збир на текстови



**ИЗДАВАЧ**
Филозофски факултет Скопје
ХЕРА (Асоцијација за здравствена едукација и истражување), Скопје

**АВТОРИ НА ПОЕДИНЕЧНИ ТЕКСТОВИ**
Проф. д-р Сузана Симоновска
Проф. д-р Николина Кениг
Проф. д-р Огнен Спасовски
Проф. д-р Горан Ајдински/ м-р Александра Каровска Ристовска
Проф. д-р Сунчица Димитријоска

**ТИМ ЗА ПОДДРШКА ОД ХЕРА (АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ИСТРАЖУВАЊЕ), СКОПЈЕ**
Драшко Костовски
Весна Матевска

**ЛЕКТУРА:** Татјана Ефтимоска

**ДИЗАЈН:** Дамјан Момировски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

176(082)
613.88(082)

АСПЕКТИ на сексуалност и сексуално образование : збир на текстови.
- Скопје : Хера, 2014. - 48 стр. ; 22 см

Фусноти кон текстот. - Библиографиаја кон трудовите

ISBN 978-608-238-044-5

а) Сексуално образование - Зборници
COBISS.MK-ID 95930122

# АСПЕКТИ НА СЕКСУАЛНОСТ И СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Збир на текстови

# СОДРЖИНА

Предговор .......... 06

1. Концептот на сеопфатното сексуално образование - Проф. д-р Сузана Симоновска .......... 08

2. Сексуалност, сексуално граѓанство и сексуални права - Проф. д-р Николина Кениг .......... 18

3. За сетилното задоволство и чувството на задоволство од перспектива на еволуциската психологија - Проф. д-р Огнен Спасовски .......... 28

4. Сексуално образование на лица со интелектуална попреченост - Проф. д-р Горан Ајдински/ м-р Александра Каровска Ристовска .......... 36

5. Сексуално образование на млади во ризик, со посебен акцент на млади со попреченост- Проф. д-р Сунчица Димитријоска .......... 44

# АСПЕКТИ НА СЕКСУАЛНОСТ И СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

## Збир на текстови



# ПРЕДГОВОР

Во 2012 година во ХЕРА (Асоцијација за здравствена заштита и истражување) во соработка со Деканот на Филозофски факултет формираше работна група за Сексуално и репродуктивно здравје и права (СРЗП) и лица со попреченост. Работната група работеше на надополнување на наставни планови кај одредени предмети со теми од Сексуално и репродуктивно здравје и права. Надополнувања со СРЗ теми беа направени кај следните предмети:

1. Рана интервенција кај лица со интелектуална попреченост- Проф. д-р Горан Ајдински/ м-р Александра Каровска Ристовска

2. Родот и насилството- Проф. д-р Николина Кениг

3. Историја на родот и полот во 20 век - Проф. д-р Сузана Симоновска

4. Социјална работа со поединец- Проф. д-р Сунчица Димитријоска

Како дел од процесот, професорите подготвија дополнителни материјали за темите од СРЗП. Дополнително во пишувањето на текстови се вклучи проф. д-р Огнен Спасовски.

Сите подготвени материјали се собрани во оваа публикација која е наменета за студентите на Филозофски факултет (Институт за психологија, Институт за дефектологија, Институт за социјална работа и политика и Институт за родови студии), како дополнителен прирачен материјал.

# БЛАГОДАРНОСТ

ХЕРА им се заблагодарува на сите професори кои беа дел од процесот на подготовка и ревидирање на текстовите кои се дел од овој прирачен материјал.

Посебна благодарност упатуваме до ИППФ -ЕН (Меѓународна федерација за семејно планирање –Европска мрежа), со која од 2010 континуирано соработуваме на проектот "Сексуалност и лица со попреченост", во чии рамки е формирана и работната група на Филозофски факултет.

Оваа публикација е во насока со мисијата на Х.Е.Р.А. – остварување на правото на жените, мажите и младите да бидат информирани и да можат слободно да го остваруваат својот избор во однос на сексуалното и репродуктивното здравје.

# 01 КОНЦЕПТОТ НА СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Чуму сексуално образование?

Проф. д-р Сузана Симоновска

Сексуалноста најчесто се сфаќа како дел од приватноста на една личност, како нешто што се однесува на интимните сексуални потреби и еротски задоволства, и сѐ уште претставува табу тема на која не се посветува доволно внимание, ниту во рамките на семејствата, ниту пак во образовните институции. Личното воспитување и сфаќања, честопати оптоварени со погрешни перцепции и предрасуди, претставуваат препрека за еден отворен пристап кон оваа навистина интимна, но сепак генеричка одлика на сите сите нас - припадници на човековиот род, без разлика дали сме жени или мажи, стари или млади. Припадноста на различни полови, возрасти и култури, како и различната сексуална ориентација, со себе повлекува различни сексуални потреби (мисли, фантазии, копнежи) и различни сексуални однесувања (улоги и врски) кои се рефлектираат во севкупниот живот на една индивидуа. Соочувањето на младите со интимните потреби и желби предизвикува збунетост, засраменост и нелагодност, која се јавува и кај возрасните кога треба да ги упатат во нивниот сексуален развој и да одговорат на мноштвото прашања.

Родителите кои не знаат или не умееат отворено да разговараат на оваа тема, се правдаат со аргументот: „кој нас не учел"; „денешните деца знаат повеќе од нас", „па тие растат со интернет", итн. Информациите кои младите најчесто ги добиваат од интернет, медиумите или од пријателите, можат да бидат погрешни или нецеолсни. Дополнителен проблем е што многу често овие информации ги бараат отткако веќе влегле во сексуални односи, па оттука не се поштедени од ризиците кои произлегуваат од нивната сексуална активност. Лажното убедување дека младите „знаат се" е причина за загрозеното сексуалното и репродуктивното здравје (прилог 1).

ПРИЛОГ 1.
Актуелна состојба во Република Македонија

- Низик степен на информираност за употребата на орална контрацепција; само 1,6%, од девојките меѓу 15 и 19 години користат орална контрацепција, а 34% од младите користат кондом
- Тинјџерската бременост и абортусот се три пати повисоки од Европа
- Тенденција на пораст на кламидија и ХПВ (хуман папилома вирус)
- Пониска возрасна граница на појава карцином на грлото на матката, како последица од инфекција со ХПВ
- Пораст на млади брачни парови кои се соочуваат со стерилитет поради нелекувани сексуално преносливи инфекции

*Извор*: ХЕРА, 2010б

Од друга страна, и во образовниот систем е занемарено сексуалното воспитание и образование. Не постои посебен наставен предмет, адаптиран според возраста, кој ќе нуди релевантни сознанија за позитивните аспекти на сексуалноста, и за сексуалното и репродуктивното здравје. Увидот во постојните наставни програми покажува дека информаците дадени во различни предмети, се оскудни, недоволни, стереотипизирани и со негативни ставови кон љубовта и сексуалноста (ХЕРА, 2010а). Наставниците пак, исто така под влијание на личните предрасуди и стереотипи, а најмногу поради недостатокот на систематска едукација за време на стекнувањето на професионалните компетенции, не се чувствуваат подготвени да предаваат и отворено да разговараат за сите аспекти на сексуалноста, ниту пак ги препознаваат аспектите на сексуалната приватност на учениците (прилог 2)

Прилог 2.
Актуелна состојба во Република Македонија

- Само 5.6% наставници изјавиле дека можат да зборуваат за контрацепција
- Само 5.6% можат да зборуваат за менструација
- Само 2.8% можат да зборуваат за пол и род
- Само 2.8% можат да зборуваат за сексуална ориентација

*Извор*: ХЕРА, 2010а

Незнаењето и погрешниот пристап кон оваа сензитивна тема има далекусежни последици. Проблемите со кои се соочуваат и возрасните (родители и наставницие) и учениците ја зголемува свеста за потребата од воведување на сексуалното образование како редовен предмет во училиштата, кој треба да придонесе кон побезбедно и одговорно сексуално однесување.

Во таа насока се и напорите во нашата држава, согласно препораките на меѓународната заедница, да се обезбеди соодветно и сеопфатно сексуалното образование, преку воведување на посебни наставни предмети застапени во различни степени на образованието, кои ќе овозможат континуирано стекнување на соодветни знаења и вештини согласно возраста.

## ШТО ЗНАЧИ СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ?

Сексуалното образование, не е само потреба, туку и **право** на младите луѓе да бидат информирани за нивната сексуалност, и да бидат во состојба самостојно и одговорно да донесуваат одлуки за своето сексуално однесување и здравје:

*„Сите деца и млади луѓе имаат право да имаат пристап до сексуално образование соодветно на возраста“* (BZgA, 2010: 20)

Правото на сексуалното образование е во контекст на обезбедувањето на правото на здравје и во таа насока се смета за интегрален дел од севкупните човекови права. Оттука произлегуваат и заложбите на Комитетот за човекови права и нивните препораки до министерствата за образование да обезбедат соодветно и објективно сексуално образование. Тука се и препораките од страна на УНЕСКО, Комитетите на ОН, Комитетот за правата на детето и Комитетот на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

**Целта** на сексуалното образование е да ги упати децата и младите во промените поврзани со нивниот сексуален развој, да им помогне да ги разберат позитивните аспекти на сексуалноста, односно да развијат позитивни ставови и вредности за сексуалноста, и да ги оспособи да донесуваат информирани и правилни одлуки за својот сексуален живот и сексуалното здравје, како и за врските и односите со другите луѓе. За таа цел сексуалното образование треба да обезбеди навремени и проверени информации за сексуалноста, сексуалното и репродуктивното здравје, а во согласност со возраста и потребите на младата популација:

*Ефективното сексуално образование може да им понуди на младите луѓе информации коишто се соодветни на возраста, културно релевантни и научно точни.* (UNESKO, 2009: 2)

Воедно, тоа треба да придонесе во градењето на сопствени ставови и развивањето на вештини кои ќе промовираат право на избор и безбедно и одговорно сексуално однесување. Уште повеќе, имајќи предвид дека младите своите први сексуални искуства ги доживуваат за време на своите школски денови, особено е важно да бидат едуцирани пред тие да се случат, за да умеат да се заштитат од потенцијалните ризици. Затоа една од клучните улоги на сексуалното образование е неговата превентивна улога.

## ДЕФИНИЦИИ ЗА СЕКСУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА УНЕСКО И МФПР

*„Сексуалното образование се дефинира како соодветен за возраста, културно релевантен пристап кон информирањето за сексот и врските, преку обезбедување на научно точни, реалистични и не осудувачки информации. Сексуалното обрзование нуди можности да се истражат сопстевените вредности и ставови и да се изградат вештини за донесување одлуки, комуникација и намалување на ризикот во врска со многу аспекти на сексуалноста„.* (UNESKO, 2009: 2)

*„Сеопфатното сексуално образование има за цел да ги обезбеди младите луѓе со знаење, вештини, ставови и вредности, потребни да одлучуваат и уживаат во нивната сексуалност - физички и емоционално, индивиудуално и во врските. Дава холитсички поглед на сексуалноста во контекст на емоционалниот и социјалниот развој. Признава дека информациите сами по себе не се доволни. Младите треба да имаат можност да се стекнат со основни животни вештини и да развијат позитивни ставови и вредности.* (IPPF, 2010: 6)

Значи, **сеопфатното сексуално образование претставува еден континуиран процес на стекнување на знаења, развивање на вештини, и градење на ставови и вредности за идентитетот, врските и интимноста**. Оттука, тоа треба да е *сеопфатно, позитивно, прилагодено на возраста* и да е *засновано врз права и родова еднаквост*.

Самиот термин *сеофатно* подразбира дека сексуалното образование треба да опфаќа *целосен корпус* на информации, вештини и вредности (ХЕРА, 2010а: 11) кои ќе бидат во функција на остварување на сексуалните и репродуктивни права, и кои ќе овозможат донесување на самостојни одлуки за своето здравје и сексуалност. Токму поради тоа што сексуалното образование треба да биде ослободено од стереотипите и предрасудите, во него треба да бидат опфатени сите информации, вклучително и оние кои се поврзани со традиционалните семејни или религиозни вредности. Само на тој начин младите ќе можат самостојно да одлучуваат и да го одберат најдоброто за нив, а согласно нивните потреби.

Втор важен момент кога се говори за сеопфатно сексуалното образование е да се има предвид дека тоа не се однесува само на биолошките аспекти на сексуалноста, на превенцијата од болестите и од бременоста,[1] туку ги опфаќа и сите психо-социјални и емоционални аспекти на сексуалноста, што значи ги вклучува сексуалните права, задоволството и сексуалната различност. Само вака сфатено сексуалното образование може да биде темел во градењето на здрави и толерантни млади личности, кои нема да ги гледаат и просудуваат другите низ призмата на сопствените одлуки и избор. Тоа значи да се развиваат позитивни и толерантни ставови ставови за сексуалноста и различностите кои постојат меѓу луѓето, за нивните потреби и за нивните права. Правото на сопствениот избор подразбира почитување и уважување на изборот на другите, избор којшто може да биде различен од нашиот, но тоа не значи дека е помалку вреден и дека не заслужува почит.

И трето, сеопфатното сексуалното образование треба да биде прилагодено според возраста и степенот на развој на децата и младите, и воедно, треба да биде достапно на сите. Притоа на сексуалното образование не треба да се гледа како на изолиран и единствен начин за стекнување информации, туку како на важен и незаобиколив сегмент од една поширока едукација, насочена не само кон превенција од негативните последици поврзани со сексуалноста, туку и кон унапредувањето на квалитетот на живот, здравјето и добростојбата.

Вака широко сфатено, сексуалното образование опфаќа мноштво аспекти поврзани со *сексуалноста, сексуалното и репродуктивно здравје, и правата*.

**1.** Традиционално, сексуалното образование е фокусирано врз потенцијалните ризици на сексуалноста (BZgA, 2010). Имено, сексуалното образование се сфаќа како концепт кој треба да обезбеди информации исклучиво во областа на репродукцијата и превенција од сексуално преносливи болести. И во нашата постојна образовна литература информациите кои може да се сретнат главно се однесуваат на био-медицинските аспекти на сексуалното и репродуктивното здравје (ХЕРА, 2010а)

# ОПРЕДЕЛБА НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

Сексуалноста, сексуалното здравје и права различно се сфаќаат и различно се дефинираат во различни земји и култури. Поради отсуството на интернационално усогласени дефиниции за овие поими, во 2002 година, на иницијатива на Светската здравствена организација се донесени работни дефиниции, чијашто примена зема сѐ поширок замав.

## ШТО Е СЕКСУАЛНОСТА?

Работната дефиниција за сексуалноста, предложена од страна на Светската здравствена организација во 2002 година[2], е проширена во 2006 година, и гласи:„

*Сексуалноста е централен аспект на човековиот живот и ги опфаќа полот, родот и родовите идентитети, сексуалната ориентација, еротицизмот, задоволството, интимноста, и репродукцијата. Сексуалноста се доживува и се изразува преку мисли, фантазии, копнежи, ставови, вредности, однесување, улоги и врски. Иако сексуалноста ги опфаќа сите овие димензии, не значи дека секогаш секоја од нив ќе биде доживеана или изразена. Сексуалноста е под влијание на заемното содејство на биолошките, психолошките, социјалните, економските, политичките, етичките, правните, историските, религиозните и духовните фактори“.* (WHO, 2006: 5)

И покрај тоа што не станува збор за официјална дефиниција на Светската здравствена организација, сепак таа е една од најчесто употребуваните дефиниции, токму поради нејзината комплексност и обидот сексуалноста да се разбере во еден поширок контекст, земајќи ги предвид физичките, биолошките, психолошките, социјалните, етичките и другите димензии. Вака дефинирана, сексуалноста ги пречекорува границите на приватноста и на нејзиното сведување на интимните сексуални потреби, еротски задоволства и репродукцијата. Таа секако останува да биде дел од интимата на секоја индивидуа, но како посебен и инхерентен сегмент на човековото бите, својствена за секоја фаза од човековиот живот, таа е многу покомплексен феномен. Во неа се преплетуваат телесното и духовното, природното и културното. Бидејќи го проследува севкупниот човеков развој, таа, од една страна, претставува значајна детерминанта (определувачки фактор) на човековиот живот, но воедно, и самата е детерминирана од мноштво други детерминанти, односно социо-културни фактори.

Како прво, сексуалниот развој на една индивидуа е процес кој се одвива под взаемното влијание на различните (физички, психолошки, социјални и културни) фактори (WHO, 2002). Во тој процес се гради и сопствениот идентитет, кој е во блиска релација со полот и родот, и ги вклучува и различните сексуални ориентации. Различната полова припадност (физичките и биолошките разлики меѓу половите), возраста, сексуалната ориентација, влијаат врз доживувањето и сексуалното однесување, кое пак во голема мера е диктирано од општо прифатените норми, кои не се идентични за сите култури. Сфаќањата и вредносните ставови за сексуалноста, за полот, родот и сексуалната ориентација, се градат токму под влијание на социо-културните фактори (семејство, религија, образовние, медиуми, итн.). Меѓутоа, пораките кои се пренесуваат може да бидат конфузни и конфликтни, што пак води кон погрешни и негативни ставови за љубовта и сексуалноста.

Затоа, сексуалното образование треба да биде доволно широко и да нуди соодветни информации кои ќе ги покриваат сите аспекти на сексуалноста, поврзани со физичкиот и духовен развој на една индивидуа.

## ШТО Е СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ

Во корелација со сексуалноста, една од функциите на сеопфатното сексуално образование е да придоне во заштитата и унапредувањето на сексуално и репродуктивно здравје.

**Сексуалното здравје** првично е дефинирано од страна на Светската здравствена организација во 1972 година, а во 2002 година е понудена нова и проширена работна дефиниција, широко застапена до денес, а која гласи:

*„Сексуалното здравје е состојба на физичка, емотивна, ментална и општествена благосостојба во релација со сексуалноста. Тоа не подразбира само непостоење на болести и дисфункции. Сексуалното здравје бара позитивен приод исполнет со почитување на сексуалноста и сексуалните врски, како и можноста да се има безбедно сексуално однесување во кое може да се ужива, без каква присила, дискриминација и насилство. За да може да се осигура и одржи сексуалното здравје мора да се почитуваат, заштитат и исполнат сексуалните права на сите лица„.* (WHO, 2006: 10)

**2.** „Човековата сексуалност е природен дел од човековиот развој низ сите фази на животот и ги вклучува физичките, психолошките и социјалните компоненти“ (BZgA, 2010: 17).

Може да се забележи дека оваа дефиниција на сексуалното здравје не ја нагласува само потребата од позитивен прстап кон задоволството како една суштинска димензија на сексуалноста, и не го поврзува сексуалното здравје само со физичките, туку и со емоционалните, менталните и социјалните аспекти. Исто така нагласувањето на негативните елементи, кои не се однесуваат само на сексуално преносливите болести, туку ги вклучуваат и сите форми на присила, дискриминација и насилство, како и истакнувањето на сексуалните права, се два клучни моменти на кои се должи актуалноста на оваа дефиниција, а коишто недостасуваат во дефиницијата од 1972 година.

Ваквата определба на сексуалното здравје произлегува од сфаќањето на поимот „**здравје**", кое од 1950 година, од страна на Светската здраствена организација е дефинирано во многу поширок контекст и на позитивен начин, земајќи ги предвид севкупните човечки потенцијали. И под поим „здравје" не се подразбира само отсуство на болест, туку ги опфаќа, освен физичките, и емоционалните, менталните, социјалните и другите аспекти (BZgA, 2010: 18). Воедно, здравјето се смета за еден од темелите на општата и индивидуална добросостојба. Оттука и во дефинирањето на сексуалното здравје, е нагласена „сексуалната добросостојба", која не зависи само од индивидуалните, туку и од општествените и културни фактори.

Согласно ваквиот приод кон здравјето е и определбата на **репродуктивното здравје,** под кое исто така се подразбира состојба на *целосна физичка, ментална и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или немоќ*. Притоа акцентот е ставен врз прашањата поврзани со репродуктивниот систем и со неговите функции и процеси. Понатаму, репродуктивното здравје подразбира дека „луѓето се способни да имаат задоволување и безбеден сексуален живот и дека имаат способност да се репродуцираат и слобода да одлучуваат дали, кога и колку често ќе го прават тоа. Имплицитно во овој последен услов е правото на мажите и жените да бидат информирани и да имаат пристап до безбедни, ефикасни и прифатливи методи на планирање на семејството на нивниот избор, како и на други методи на нивниот избор за регулирање на плодноста". (ХЕРА, 2012: 125)

Унапредувањето на сексуалното и репродуктивно здравје[3] е приоритет во политиката на меѓународната заедница и е нужно поврзано со обезбедувањето и остварувањето на сексуалните и репродуктивните права. Имено, сексуалните права се основа за постигнување на сексуалното здравје за сите и служат како исходиште во дискусијата за сексуалното образование.

## *ШТО СЕ СЕКСУАЛНИ И РЕПРОДУКТИВНИ ПРАВА?*

Сексуалните права се сфаќаат како интегрален дел од основните човекови права, па оттука, се универзални и неприкосновени (World Association for Sexual Health, 1999). Исто така, тие првенствено се однесуваат на правото на информации и образование (BZgA, 2010: 18).

Во 2002 година, од страна на Светската здраствена организација е дадена следнава работна дефиниција за сексуалните права:

*Сексуалните права ги опфаќаат човековите права кои се веќе признаени во националните легислативи, документите за човекови права како и други документи околу кои постои консензус. Тие го вклучуваат правото на сите луѓе, слободни од присилување, дискриминација и насилство, на:*

- *највисоко достижните стандарди на сексуално здравје, вклучувајќи пристап до услугите за сексуално и репродуктивно здравје;*
- *барање, примање и давање информации поврзани со сексуалноста;*
- *сексуално образование;*
- *почитување на телесниот интегритет;*
- *избор на партнер;*
- *одлучување дали да се биде сексуално активен или не;*
- *доброволни сексуални односи;*
- *доброволен брак;*
- *одлучување дали и кога да се имаат деца;*
- *водење задоволувачки и сигурен сексуален живот кој носи уживање.*

*Одговорното практикување на човековите права бара од сите луѓе да ги почитуваат правата на другите.* (WHO 2006: 10)

И покрај критиките упатени во однос на нејзиното фокусирање врз поединецот (врз телесниот интегритет, односно правото на донесување одлуки) и занемарувањето на влијанието на другите, јавни и политички, фактори врз проценувањето и просудувањето на сексуалното однесување (ICHRP, 2009), оваа работна дефиниција до денес се користи во предложената форма.

**3.** Сексуалното здравје е едно од петте суштински аспекти на глобалната Репродуктивна стратегија на Светската здраствена организација од 2004 година.

Аспектите коишто недостасуваат се опфатени во дефиницијата на МФПР (Меѓународната федерација за планирано родителство) дадена во Декларацијата за сексуални права од 2007 година[4].

Сексуалните права не се автоматки применливи за децата и адолесцентите, бидејќи дел од нив се однесуваат на возрасните (на пример, правото на брак и деца). Но, она што е важно од аспект на сексуалното образование е што во дефинирањето на сексуалните права експлицитно е вклучено **правото на сексуалното образование и информираност.** И во *Конвенцијата за правата на децата* на ОН (1989),[5] е нагласено нивното право да бидат невремено информирани (член 13). Членот 19 од Конвенцијата упатува на обврската да се обезбедат образовни мерки кои ќе им помогнат на децата да заштитат од сите форми на сексуалното злоупотребување и експлоатација. (UN, 1989). Исто така правото на образование и информации е вклучено и во *Декларацијата за сексуални права* (2007) на МППФ. Во членот 8 се вели дека ова право се однесува на достапноста на информациите во врска со сексуалноста и го допира прашањето на правото за неформално, но и формално сексуално образование. (IPPF, 2008)

**Репродуктивните права**[6] главно се однесуваат на правото на поединците и сопружниците слободно и одговорно да одлучуваат за тоа каде, кога и колку деца ќе имаат и да имаат информации и средства за да го направат тоа. Овие права го вклучуваат и правото за добивање на највисок стандард на сексуално и репродуктивно здравје, како и правото на репродукција ослободено од присила, насилство и дискриминација.

Вака дефинирани репродуктивните права главно се однесуваат на хетеросексуалните парови, и акцентот е ставен врз планирањето на семејството, така што не се опфатени сите права во однос на сексуалниот и репродуктивниот живот на луѓето. Сексуалните права се многу пошироко концепирани и ги опфаќаат и другите права кои се однесуваат на сексуалноста, а кои потекнуваат од правото на слобода, еднаквост, приватност, автономија, интегритет и достоинство на сите луѓе (IPPF, 2008).

## СУШТИНАТА НА КОНЦЕПТОТ ЗА СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Посочените дефиниции за сексуалноста, сексуалното здравје и сексуалните права, како и некои други, кои се засновани врз еден сеопфатен и позитивен пристап, претставуваат исходишна точка во изработувањето на *Стандардите за сексуалното образование во Европа*.[7] Всушност, од нивната определба произлегуваат основните претпоставки врз кои се темели оправданоста на сеопфатно сексуално образование: (BZgA**,** 2010: 21)

• <u>*Сексуалноста е централен аспект на човековото постоење.*</u>
Сите луѓе се раѓаат како сексуални суштества и треба да ги развиваат своите сексуални потенцијали, на еден или друг начин. Сексуалното образование, треба начелно да ги подготви младите луѓе за животот, за градење на меѓусебни врски и односи кои носат сатисфакција за сите, и да придонесе кон еден позитивен развој на поединците и нивното самоопределување.

• <u>*Луѓето имаат право да бидат информирани.*</u>
Сексуалните права се сфаќаат како интегрален дел на основните човекови права, и затоа се неприкосновени и универзални. Овие права го опфаќаат и правото на секој да има пристап до сексуалното образование, правото на информации и услуги за сексуалното здравје низ целиот живот, и се во функција на достигнувањето и унапредувањето на сексуалното здравје во целина.

• <u>*Неформалното сексуално образование во модерните општества е недоволно и нецелосно*</u>.
Родителите, другите членови на семејството, како и сите други неформални извори, имаат големо влијание во информирањето на младите за сексуалнота и меѓусебните човечки врски. Но, неформалните извори во модерните општества често се покажуваат како недоволни, бидејќи недостасува она неопходно знаење кое треба да содржи комплексни и технички информации (на пример, за користењето на контрацепцијата, или за начините на пренесување на сексуално преносливите инфекции). Во прилог на ова говори и преферирањето на младите, особено во раниот пубертет, информации да ги бараат од други извори, а не од родителите.

**4.** Види повеќе во: IPPF, 2008. Sexual Rights: an IPPF Declaration. London IPFF..
**5.** Оваа конвенција е ратификувана од голем број држави, а чиј потписник од 1991 година е и нашата држава.
**6.** Репродуктивните права за првпат се дефинирани во Техеранската прокламација (1968) и се проширени на Меѓународната конференција за население и развој во Каиро (1994).

**7.** Документ изработен од страна на Светската здраствена организација - Регионалната канцаларија за Европа и Федералниот центар за здраствено образование, како своевидна рамка во која се даваат насоки како да се организира и развива сексуалното образование (BZgA, 2010).

• *Младите луѓе се под влијание на многу нови извори на информации.*
Современите медиуми, особено интернетот, во релативно краток период станува важен извор на информации. Меѓутоа, многу од претставите кои се пренесуваат, посебно оние за сексуалноста, се искривени, неизбалансирани, нереалистички и често се деградирачки, особено за жените (интерент порнографијата). Затоа едно современо рационално и објективно сексуално образование треба да придонесе во надминувањето на погрешните перцепции пренесени преку медиумите.

• *Потребата од промовирање на сексуалното здравје.*
Сексуалното и репродуктивното здравје високо се вреднува на глобално ниво. Три од вкупно девет интернационално прифатени Милениумски развојни цели на ОН директно се однесуваат на сексуалното и репродуктивното здравје. Една од важните функции на сексуалното образование е да го унапреди сексуалното и репродуктивното здравје, кое во голема мера може да придонесе во остварувањето на универзалните развојни цели: промовирање на родовата еднаквост (цел 3), подобрување на здравјето на мајките и намалување на матерналната смртност (цел 5), и намалување на стапката на инфицирани со ХИВ/СИДА (цел 6)

Во осмислувањето и концепирањето на стандардите за сексуалното образование посебно се води грижа тоа да биде базирано врз меѓународните прифатени човекови права, особено врз правото на знаење, како неопходен услов за нивно промовирање и превенција на здравјето во целина. Оттука произлегуваат принципите и целите на сеопфатното сексуално образование, т.е. очекуваните резултати од неговата имплемантацијата во образовните системи.

## КЛУЧНИ ПРИНЦИПИ НА СЕКСУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ:

- ▷ Сексуалното образование е соодветно на возраста, родово сензитивно и кореспондира со социјалната и култрната реалноста во која живеат младите
- ▷ Сексуалното образование е засновано на (сексуалните и репродуктивни) човекови права
- ▷ Сексуалното образование е засновано на холистичкиот концепт за добросостојбата, која го вклучува и здравјето
- ▷ Сексуалното образование е цврсто втемелено врз родовата еднаквост, самоопределувањето и различноста
- ▷ Сексуалното образование започнува од самото раѓање
- ▷ Сексуалното образование треба да се разбере како придонес кон поправедно и потолерантно општество со оспособување на индивидуите и заедниците
- ▷ Сексуалното образование се заснова на научно релевантни информации (BZgA, 2010: 27).

***Очекувани резултати:***

- ▷ Да придонесе во создавањето на поволна социјална клима, што подразбира толерантност, отворен пристап и целосен респект кон сексуалноста, различните животни стилови, ставови и вредности
- ▷ Да се почитува сексуалната и родовата различност и да се биде свесен за сексуалниот идентитет и родовите улоги
- ▷ Да се оспособат младите да донесуваат информирани одлуки и да се однесуваат одговорно кон себеси и својот партнер
- ▷ Да бидат свесени и да стекнат сознанија за развојот и функциите на човековото тело, особено на оние во врска со сексуалноста
- ▷ Да се развијат како сексуални битија, т.е. да знаат да ги изразат своите чувства и потреби, да ја доживуваат сексуалноста како нешто што носи задоволство, и самостојно да го градат својот сексуален идентитет и родовите улоги
- ▷ Да имаат придобивка од соодветните информациите за физичките, когнитивните, социјалните, емоционалните и културните аспекти на сексуалноста, контрацепцијата, превенцијата од СПИ и ХИВ, и сексуалната злоупотреба.
- ▷ Да развијат животни вештини во однос на сите аспекти на сексуалноста, сексуалните врски и односи
- ▷ Да бидат запознаени со одредбите и пристапот до центрите за советување и медицинските центри, во случај на проблеми и прашања, особено на оние поврзани со сексуалноста
- ▷ Да размислуваат за сексуалноста и за различните вредности и норми низ призмата на човековите права, и од позиција на самостојни критички ставови
- ▷ Да бидат способни да градат (сексуални) врски и односи, врз взаемно разбирање и почит кон потребите и можностите на другиот, и во ќе бидат еднакви во меѓусебните односи, со цел да се

заштитаат од сексуалното злоупотребување и насилство.

- Да бидат во состојба да комуницираат за сексуалноста, емоциите и врските на соодветен начин (со соодветен јазик) (BZgA, 2010: 27).

## ОБЛАСТИ/ ТЕМИ КОИ ТРЕБА ДА БИДАТ ОПФАТЕНИ ВО СЕКСУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

За да одговори на поставените цели и да ги покрие мноштвото различни димензии, сеопфатното сексуално образование треба да опфаќа соодветни наставни содржини, прилагодени на возраста и развојните капацитети на младата популација. Бидејќи неговата функција е да го подржи и заштити сексуалниот развој на младата популација, треба да започне што е можно порано во детството и континуирано да се одвива во сите степени на образованиетого.

Во *Рамката за сеопфатно сексуално образование* (2006), изработена од Меѓународната федерација за планирано родителство, се посочува на седум области кои треба да бидат содржани во сексуалното образование.[8] Истите подрачја се интегрирани и во изработката на *Рамката за сеопфатно сексуално образование* (2010) од страна на Асоцијацијата за здраствена едукација и истражување (ХЕРА). Целта на овој документ е да придонесе во осмислувањето и имплементацијата на сеопфатното сексуално воспитание и образование во Република Македонија. Во него се предлагаат принципи и се даваат конкретни насоки за воведување на соодветна настана програма, која треба да ги опфаќа следниве наставни содржини: (ХЕРА, 2010б)

*1. <u>Сексуално и репродуктивно здравје</u>*
• анатомски и физиолошки разлики; СПИ и ХИВ и нивна превенција; планирање на семејство (контрацепција и заштита од непланирана и несакана бременост; безбедно мајчинство (бременост, породување и леунство).

*2. <u>Род</u>*
• родови улоги и обележја; стереотипи и нерамноправност; последици од родовата нерамноправност; перцепции за маженственоста и женственоста во семејството, во заедницата и во општеството; динамични и менливи родови вредности и норми; родителство.

*3. <u>Граѓански аспекти на сексуалноста</u>*
• сексуални права и нивно остварување; приватни и јавни аспекти на сексуалноста; самосвест за донесените одлуки; правни аспекти: меѓународни и национални закони; механизми за правна заштита; услуги за информирање, здраствени услуги и поддршка; учество во развивањето и донесувањето на политики и програми; учество во развивањето и донесувањето на политики и програми; живот со ХИВ.

*4. <u>Задоволство</u>*
• емоции; љубов; разбирање на сексуалниот однос како задоволство, без принуда и насилство; прво сексуално искуство; мастурбација.

*5. <u>Насилство</u>*
• видови и манифестација на насилството и произлезените последици; традиционални норми и митови; превнеција и препознавање на сексуално вознемирување и злоупотреба; заштита и услуги за подршка.

*6. <u>Различност</u>*
• разбирање на различните индивидуални и колективни вредности и системи; позитивни вредности во врска со сексуалниот идентитет; препознавање на дискриминација и хомофобија и нивните резултати врз здраствениот развој; негативни ефекти на дискриминацијата и начини за справување со неа.

**7.** *<u>Врски и односи</u>*
• вештини за комуникација и за разрешување на конфликти; различни односи (семејство, брак, романтични врски, пријателство, сексуални односи); донесување на одлуки (во поглед на можното влијание од врсници, медиуми, алкохол и психотропни супстанции); интимност (вклучувајќи ги формите на несексуална експресија); препознавање на насилни и недоброволни врски; моќта и нејзината манифестација; родителство (мајчинство и татковство).

## ЕФЕКТИТЕ И ПРИДОБИВКИ ОД СЕКСУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Имајќи ги предвид дебатите и постојните дилеми околу воведувањето на сексуалното образование, дали ќе придонесе во заштитата на сексуалното и репродуктивното здравје на младите, или пак ќе ја поттикне нивната прерана и поголема сексуална активност, како позитивен пример се земаат искуствата од земјите во кои е воведено сексуалното образование.

Спроведените истражувања и анализи покажуваат дека

**8.** Види: IPPF, 2010, стр. 7.

освен зголеменото ниво на знаење, тоа придонесува и за: (ХЕРА, 2010б)

- *одложување на започнувањето со сексуална активност или намалување на бројот на сексуалните партнери*
- *зголемување на употребата на контрацепцијата и кондомот кај сексуално активните адолесценти*
- *поодговорно сексуално однесување и понатаму во животот*
- *унапредување на нивното сексуално и репродуктивно здравје и здравјето во целост*
- *зголемување на способноста за носење на информирани одлуки и намалување на предрасудите*
- *развивање на позитивни ставови и вредности за сексуалноста*

Може да се заклучи дека едно сеопфатно сексуалното образование, освен што придонесува во заштитата на сексуалното и репродуктивното здравје на младите луѓе, тоа има голема улога и во нивното развивање како одговорни, но и толерантни личности кои ќе ги почитуваат потребите и правата на другите. Затоа, придобиките од сексуалното образование не се само придобивка за поединците, туку и за целото општеството. Така на пример, унапредување на сексуално и репродуктивно здравје на младите водат кон унапредување на здравјето во целина, од кое пак зависи економскиот и социјалниот просперитет на земјата. Тука се и придобивките во однос на промовирањето на социјалната еднаквост, социјалната правда и намалување на сиромаштијата, надминувањето на родовата нееднаквост и дискриминација, намалувањето на семејното и родовото насилство, намалувањето на сексуалната злоупотреба, и намалувањето на стереотипите и нетолерантноста кон различностите. Сето тоа води кон унапредување на човековите права, што пак придонесува кон постигнување на добросостојбата за сите, и за поединците и за општесрвото.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

BZgA, 2010. WHO Regional Office for Europe and Federal Centre for Health Education. *Standards for Sexuality Education in Europe*: *a framework for policy makers, educational and health authorities and specialists*. Cologne: BZgA.

ICHRP, 2009. International Council on Human Rights Policy. *Sexuality and Human Rights: Discussion paper*. Versoix, Switzerland: ICHRP, 2009.

IPPF, 2008. International Planned Parenthood Federation. *Sexual Rights: an IPPF Declaration*. London: IPPF.

IPPF, 2010, International Planned Parenthood Federation. *Framework for Comprehensive Sexuality Education*. London: IPPF.

UNESKO, 2009. *International Technical Guidance on Sexuality Education: An evidence-informed approach for schools, teachers and health educators*, December, Vol. I, II.

UN, 1989. *United Nations Convention on the Rights of the Child*. New York: UN.

ХЕРА, 2010а. *Љубов само по часови: проценка на потребата и на достапноста на информациите од областа на сексуалното образование во Македонија*. Скопје: ХЕРА

*ХЕРА, 2010 б. Рамка за сеопфатно сексуално образование. Скопје: ХЕРА.*

ХЕРА, 2012. *Сексуалност: сексуално и репродуктивно здравје на лицата со интелектуална попреченост: прирачник за стручни лица и родители/старатели*. Скопје: ХЕРА.

WHO. 2006. World Health Organization. *Defining sexual health: Report of a technical consultation on sexual health*, 28–31 January. Geneva: WHO.

# 02 СЕКСУАЛНОСТ, СЕКСУАЛНО ГРАЃАНСТВО и СЕКСУАЛНИ ПРАВА

Проф. д-р Николина Кениг

## ВОВЕД

Иако е неспорно дека е инхерентна на човекот, сексуалноста останува тема пред која се уште се попречуваат табуа и која и натаму е извор на контроверзни сфаќања, конфузија и конфликти дури и во развиените земји. Различните религиозни, културални, политички, правни па и економски фактори кои имаат огромно влијание врз тоа како ќе се третираат различни аспекти на сексуалноста, како и ситуираноста на сексуалните права во матрицата на родовите/половите дихотомии и разликите во моќ кои од неа произлегуваат, во голема мерка ја отежнуваат дискусијата околу прашањата за врската меѓу сексуалноста и човековите права (Runeborg, 2010).

Речиси без исклучок, авторите кои теоретски се занимаваат со човековите права во сферата на сексуалноста, подеднакво како и активистите кои работат на нивна афирмација и имплементација, потцртуваат дека и во формалните и во неформалните дискурси, токму емоционалната оптовареност (ICHRP, 2009), која варира од восхитеност и ентузијазам, до засраменост, негодување и крајна нелагодност, претставува сериозна пречка за напредување кон кохерентни политики со кои би се регулирале сексуалните права (прилог1).

ПРИЛОГ 1.
Сексуалноста и моралот

Морализаторскиот однос кон сексуалноста резултира со речиси универзална тенденција во законските решенија што ја регулираат оваа област од човековото однесување, сексот да се легитимира преку „повисоки" цели – најчесто љубов, брак и создавање потомство. Влијанието на овој дискурс станува многу очигледно кога се работи за ограничување на правата и слободите наспроти нивното обезбедување.

Ваквиот однос кон сексуалноста има многу широки импликации. На пример, сексуалното образование, кое се смета за еден од темелите на обезбедување општа и индивидуална добросостојба во сферата на сексуалноста, најчесто се сфаќа како концепт којшто треба да обезбеди (исто така може да се опише како ориентирано кон) информации исклучиво во областа на репродукцијата и превенцијата од сексуално преносливи болести.

# ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

***Што е сексуалност?***
Една од најчесто употребуваните дефиниции на **сексуалноста** епредложена во 2002 година од страна на Светската здравствена организација и гласи дека (WHO, 2006; стр.5):

*„Сексуалноста е централен аспект на тоа да се биде човечко суштество и ги опфаќа полот, родовите идентитети и улоги, сексуалната ориентација, еротичноста, задоволството, интимноста и репродукцијата. Сексуалноста се доживува и искажува низ мислите, фантазиите, желбите, уверувањата, ставовите, вредностите, однесувањата, практиките, улогите и врските. Додека сексуалноста може да ги вклучи сите овие димензии, не секогаш сите мора да бидат искусени или манифестирани. Сексуалноста е под влијание на интеракција од биолошки, психолошки, социјални, економски, политички, културални, етички, правни, историски, религиозни и духовни фактори."*

Популарноста на оваа дефиниција се должи на тоа што таа не ја сведува сексуалноста на ограничени аспекти (на пример, само на сексуалната ориентација или репродукцијата), истовремено прифаќајќи дека таа не мора да се искуси или манифестира низ сите нив. Освен тоа, фокусот во дефиницијата не е ставен исклучиво на здравствената или на биолошката страна на оваа комплексна појава, како што можеби и би можело да се очекува со оглед на мандатот на организацијата. Во контекст на дискусијата за контроверзноста на оваа тема, треба да се истакне дека ова е сепак работна дефиниција, која не ги претставува гледиштата на СЗО.

## ШТО СЕ СЕКСУАЛНИ ПРАВА?

Репродуктивните права за првпат се дефинираат во Техеранската прокламација (1968) со правото на индивидуите и паровите слободно да одлучуваат за тоа кога и колку деца ќе имаат. Овие права се прошируваат преку Меѓународната конференција за население и развој во Каиро (1994) со правото за услуги за сексуалното и репродуктивното здравје како и со правото на репродукција ослободено од присила, насилство и дискриминација. Сепак очигледно е дека оваа рамка не ги опфаќа сите права поврзани со сексуалниот и репродуктивниот живот на луѓето, а особено е значајно да се истакне што таа се однесува најмногу на хетеросексуалните парови и е одредена од гледната точка на популационите политики. Затоа концептот на сексуалните права е посеопфатен и покрај основните репродуктивни права, се однесува и на други права поврзани со сексуалноста.

Првите обиди да се дефинираат правата во врска со сексуалноста се карактеризираат со релативна ограниченост, партикуларност и фокус во потесни домени, заради тоа што различните интересни групи ги имале предвид само оние домени на сексуалноста кои од свој аспект ги сметале за загрозени. Така, на пример, за феминистички ориентираните активист(к)и, барањата за права во врска со сексуалноста главно биле околу безбедноста, можноста да се контролира сопственото тело, особено во сферата на репродукцијата, сексуалното самоопределување и задоволството, додека пак ЛГБТ движењата главно се залагале за специфични права, како на пример за иста најниска возраст за давање согласност како онаа за хетеросексуалците и за јавно признавање на хомосексуалните и бисексуалните идентитети. Нешто подоцна, движењето за добросостојба на лицата со посебни потреби како приоритет го третираат правото на овие лица на сексуална експресија. Постојат и такви групи чие главно залагање е во врска со поспецифични права

како што се право на уживање во различни сексуални 'производи' како на пример сексуално образование, контрацепција или абортус, порнографски или еротски магазини и сексуални услуги (Binnie, 1995).

Интензивната работа во поединечните домени вродила со напредок во многу домени, но, истовремено сугерирала и на неопходноста за дефинирање на правата во сферата на сексуалноста на сеопфатен начин. Природна заедничка обединувачка платформа врз која се дефинирани е платформата за човекови права. Важноста да се направи врска помеѓу човековите права и сексуалноста е оправдана и од аспект на тоа дека постои нераскинлива врска меѓу сексуалноста и развојот (прилог 2).

ПРИЛОГ 2.
Сексуалност, човекови права и развој

Каква е врската меѓу сексуалноста, човековите права и развојот на едно општество? Од перспектива на доктрината за човекови права, сексуалноста е важна затоа што сите нејзини аспекти зависат од моќта. Асиметријата во моќ меѓу двата пола, како и меѓу различните групи дефинирани врз основа на сексуалната ориентација, културна, религиозна или етничка припадност, возраст и слично, ја наметнува потребата за посебна заштита во сферата на сексуалноста.

Овде ќе бидат набројани само неколку примери кои се однесуваат на жените, а кои укажуваат дека без можноста да бидат заштитени во сферата на сексуалните права, во многу околности, жените не би можеле да ги реализираат ни останатите фундаментални права. Што се случува тогаш кога девојките ја немаат можноста да изберат со кого и кога да стапат во брак? Имаат ли шанси за образование и економска добросостојба жените и девојките на кои им е ускратено правото на избор за тоа кога ќе имаат деца и колку деца ќе имаат, или тие кои немаат пристап до средства за контрацепција или безбеден абортус?

Дали е сеедно дали девојчињата и жените ќе бидат заштитени од можноста да бидат убиени заради докажано или недокажано неверство, или, дали ќе бидат превенирани од тоа да одат во училиште поради неказнетото сексуалното злоставување кое го трпат или поради тоа што правилата во некои средини наложуваат дека не смеат да се појават на часови тогаш кога имаат месечен циклус?

Еден таков обид за експлицитно дефинирање на **сексуалните права** е направен во 2006 година, на иницијатива на Светската здравствена организација.[1] На оваа дефиниција се темелат почетоците на работење кон јасно артикулирање на сексуалните права наместо само нивно деривирање од општите човекови права.

Дефиницијата гласи (WHO, 2006; стр.5):

*„Сексуалните права ги опфаќаат човековите права кои се веќе признаени во националните легислативи, документите за човекови права како и други документи околу кои постои консензус. Тие го вклучуваат правото на сите луѓе, слободни од присилување, дискриминација и насилство, на: (1) највисоко достижните стандарди на сексуално здравје, вклучувајќи пристап до услугите за сексуално и репродуктивно здравје; (2) барање, примање и давање информации поврзани со сексуалноста; (3) сексуално образование; (4) почитување на телесниот интегритет; (5) избор на партнер; (6) одлучување дали да се биде сексуално активен или не; (7) доброволни сексуални односи; (8) доброволен брак; (9) одлучување дали и кога да се имаат деца; (10) водење задоволувачки и сигурен сексуален живот кој носи уживање. Одговорното практикување на човековите права бара од сите луѓе да ги почитуваат правата на другите.“*

Критиката упатена кон наведеното дефинирање на сексуалните права е насочена кон тоа дека во фокусот е сместен само поединецот (и неговото/нејзиното тело и телесен интегритет, односно право на донесување одлуки), што иако е мошне релевантно, не е доволно. Она што ваквиот начин на гледање испушта да го направи, е барем да навести дека сексуалноста е политички и јавен *конструкт* преку кој се дава значење и се проценува и суди на сексуалното однесување (ICHRP, 2009). Освен тоа, важен елемент кој е игнориран во наведената листа права, е правото на *учество* (партиципаторно право) преку мобилизација, собирање и организирање и лобирање во јавноста за правење промени во оваа сфера. Најнакрај, на оваа дефиниција ѝ се забележува и отсуство на *упатување кон пристапот до ресурси*, како на индивидуално, така и на национално ниво, за уживање на овие права.

Меѓународната федерација за планирано родителство (International Planned Parenthood Federation - IPPF), во својата Декларацијата за сексуални права донесена во 2007

1. Оваа дефиниција сеуште се цитира како сопственост на СЗО и покрај експлицитното дистанцирање на организацијата од неа. Намерата на креаторите на дефиницијата била да ја остават отворена за промени и дополнувања, но таа до денес се користи во предложената форма и покрај критиките кои и се упатени.

година и прифатена една година подоцна, која што е во тесна врска со Принципите од Јогиакарта, 2007, дава еден вид комбинирана дефиниција на сексуалните права, која содржи концептуален и операционален дел, велејќи дека (IPPF, 2008; стр.6):

„Сексуалните права се човекови права кои се однесуваат на сексуалноста. Сексуалните права се конституирани врз основа на збир од права кои се однесуваат на сексуалноста и кои потекнуваат од правото на слобода, еднаквост, приватност, автономија, интегритет и достоинство на сите луѓе."

Операционалниот дел на дефиницијата се состои од наведување на десетте сексуални права, со што се обезбедува јасна рамка за конкретните одговорности кои од нив произлегуваат и претставуваат соодветна основа за лобирање во врска со одговорностите на државата за нивна заштита:

**Член 1**. *Право на еднаквост, еднаква заштита од страна на законот и слобода од сите облици на дискриминација заснована на полот, сексуалноста или родот*; од тоа произлегува дека сите луѓе се родени како слободни и еднакви, па според тоа, полот родот или сексуалноста не смеат да бидат основа за нееднаков третман.

**Член 2.** *Право на учество на сите лица, без разлика на полот, сексуалност или родот*; со оглед на тоа дека сите луѓе имаат право на учество и влијание во економската, социјалната и културната сфера, полот, родот или сексуалноста не смеат да бидат пречка за реализација на ова право.

**Член 3.** *Право на живот, слобода, лична безбедност и телесен интегритет*; ова право се однесува и на правото на слобода од тортура и деградирачки третман без разлика на полот, возраста, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, брачниот статус, HIV/СИДА статусот, но и на сексуалната историја без разлика дали таа е импутирана или реална.

**Член 4.** *Право на приватност*; се однесува на правото за слобода од упад во приватноста, семејството, домот, преписките или документите кои се релевантни за сексуалната автономија на лицето.

**Член 5.** *Право на лична автономија и на признавање пред закон*; се однесува на правото на секоја индивидуа слободно да одлучува во сферата на сексуалноста – за избор на партнер, за барање да го реализира во потполност својот сексуален потенцијал и да искуси задоволство, во рамките на почитување на правата на другите и недискриминација и задолжително земајќи ги предвид развојните капацитети на децата.

**Член 6.** *Право на слободно размислување, на погледи и на изразување, и право на здружување*; луѓето имаат право на изразување на идеите во врска со сексуалноста, родовиот идентитет и сексуалната ориентација без разлика на доминантните културални норми или политички идеологии.

**Член 7.** *Право на здравје и на користење на научните достигнувања*; без разлика на полот, родот или сексуалноста, сите имаат право на уживање на највисоко достигливите стандарди за грижа за здравјето што вклучува пристап до превентивни мерки, дијагноза и третман на сите нарушувања или проблеми кои може да се јават во сферата на сексуалноста.

**Член 8.** *Право на образование и информации*; ова право се донесува на достапноста на информациите во врска со сексуалноста и го допира прашањето на правото за неформално но и формално сексуално образование.

**Член 9.** *Право на избор за стапување во брак и на засновање семејство, како и на одлука дали, кога и на кој начин да се има деца*.

**Член 10.** *Право на отчетност и надомест;* се однесува пред сè на обезбедувањето соодветни и ефикасни правни мерки за да се обезбеди дека оние чија должност е да се придржуваат до сексуалните права, тоа навистина и го прават.

## ШТО Е СЕКСУАЛНОСТ?

Далеку покомплексна задача од дефинирањето на сексуалноста и сексуалните права е давањето рамка на поимот **сексуално граѓанство (државјанство)**.[2] Овој конструкт е произлезен од потребата да се дебатира фактот дека правата, обврските и практиките кои ја одредуваат припадноста на индивидуата во општеството (односно нивната граѓанска припадност или државјанство) имаат инклузивен потенцијал, но и ексклузивен аспект. Најочигледен пример за исклучувачката улога на граѓанската припадност која би требало да биде основа за еднаков третман, е тоа што таа е базирана на принципот на хетеронормативност, кој се провлекува во сите сфери на

**2.** Англискиот термин citizenship е преведен како државјанство, иако како еднакво соодветни може да се користат и граѓанство или граѓанска припадност.

општеството, вклучувајќи ги и законите. Оттука, ЛГБТ популацијата, заедно со други маргинализирани или стигматизирани групи, немаат ниту еднакви права како и хетеросексуалците, ниту пак можности за целосна политичка партиципација или пристап до ресурсите, особено во сферата на социјална заштита (Bell and Binnie, 2002).

Денес овој термин често се употребува за најопшто да се означи сферата на правната регулатива и јавните активности во врска со сексуалноста. Ричардсон, една од пионерките на изучувањето на сексуалното граѓанство, тврди дека во некои случаи терминот се користи за да се означи *збирот од легални и политички права во врска со сексуалноста,* додека во некои, акцентот се става на уживањето во *услугите и добрата поврзани со сексуалните практики и идентитети*, а понекогаш и на *културалните аспекти на сексуалноста* (Richardson, 1998). Според најшироко користеното значење на конструктот сексуално граѓанство, терминот има значење на (Richardson, 2000, стр.107):[3]

> *„...почитување на правата и обврските на сите луѓе како членови на поширокота заедница да имаат контрола над нивното сексуално и репродуктивно здравје, слобода на изразување на сексуалниот идентитет, сексуалните желби и сексуалното задоволство на здрави и безбедни начини, слободни од присила, страв или повреда."*

Без разлика на варијациите во дефинициите, она за што во суштина служи овој термин е да потцрта дека јавниот живот е елемент на сексуалните права, односно, за да потсети дека граѓаните како членови на општествената заедница треба да учествуваат во дефинирање на тоа што е дозволиво а што не во сферата на сексуалноста, при што гласот на маргинализираните групи и малцинства исто така ќе биде земен предвид.

# БАЗИЧНИ ВРЕДНОСТИ (ПРИНЦИПИ) КОИ ГИ ДЕФИНИРААТ СЕКСУАЛНИТЕ ПРАВА

Декларацијата за сексуални права, исто како и онаа за човекови права не е создадена во вредносен вакуум. Принципите на кои се темели документот за сексуалните права претставуваат мешавина на факти и здраворазумски тврдења во врска со човечката сексуалност, со препораки за тоа како да се обезбеди добросостојба за сите луѓе (без дискриминација по ниту една основа) во оваа сфера. Наведени се 7 такви принципи (IPPF, 2008):

**1. Сексуалноста е неделив дел од личноста на секое човечко суштество. Заради тоа, мора да се создадат поволни услови во кои секој ќе може да ги ужива сите сексуални права како дел на развојниот процес;** креирањето на окружување во кое сите луѓе ќе може да ги уживаат сексуалните права е важно за доброто не само на индивидуите туку и за општествениот развој, бидејќи токму поединецот е тој којшто е двигател на таквиот развој. Неуспехот да се обезбеди ваква атмосфера би значел истовремено и неуспех во општото напредување на човековите заедници.

**2. Правата и заштитата кои се гарантираат на лицата помлади од 18 години се разликуваат за оние кои им се наменети на возрасните и истите мораатда ги земат предвид развојните капацитети на детето да ги користи овие права во свое име;** како и во случајот со возрасните лица, но уште повеќе кога се во прашање децата, општеството е должно да обезбеди услови во кои децата во целост ќе ги реализираат своите потенцијали (прилог 3). Тоа од една страна значи дека мора да се создаде средина која е безбедна за сексуалниот интегритет на малолетниците, но и таква која нема да ги исклучи од можноста да одлучуваат за прашања врзани со сексуалноста, земајќи го во предвид нивниот капацитет за носење информирани одлуки.[4]

**3. Принципот на недискриминација е во основата на заштитата и унапредувањето на човековите права;** ова упатува дека ниту еден поединец не смее да биде исклучен од можноста за уживање на сексуалните права врз основа на припадност на некоја формална или неформална група. Со оглед на тоа дека во реалноста се поставуваат многу препреки од најразлични извори со кои се оправдуваат дискриминаторните практики и легислативи, посебно внимание треба да се посвети на можноста на маргинализираните групи да ги имаат истите права како и оние кои тоа не се.

**3.** Најновите дебати упатуваат на тоа дека посоодветно би било терминот државјанство (citizenship) да се замени со терминот персоналност (personhood) за да се обезбеди интеграција и на лицата кои немаат статус на граѓани на одредена територија, уживање во сексуалните права (Robson & Kessler, 2008).

**4.** Исцрпна дискусија за ова прашање може да се најде во: Evans, R. (2012).Understanding young people's rights to decide: What is childhood and what we mean by young person? London: IPPF и во Mc Greeny and Blake (2012). Understanding young people's rights to decide: How do we assess the capacity to make autonomous decisions? London: IPPF.

**4. Сексуалноста и задоволството кое од неа произлегува се централни аспекти на човековото битие, без разлика на тоа дали лицето избрало да репродуцира (да има потомство) или не;** овој принцип ја потенцира вредноста на уживањето во сексуалноста пред нејзината репродуктивна улога и ја дефинира како посебен аспект независен од таа улога. Особено внимание би требало да се обрне на оние групи на кои различни културни или религиозни норми ова право практично не им го дозволуваат или во голема мерка им го ускратуваат (на пример, на жените – жртви на генитални мутилации).

**5. Обезбедувањето сексуални права за сите, повлекува посветеност на слободата и на заштитата од повреда;** овој принцип дава силна негативна конотација на насилството во сферата на сексуалноста, но и на насилството кое го трпат индивидуите заради нивната сексуална ориентација, род, родов идентитет, брачен статус и реална или измислена сексуална историја. Истиот се однесува и на посебната заштита на децата и адолесцентите од сите видови сексуална злоупотреба, без разлика дали се тоа сексуални активности или нивно искористување во порнографски материјали.

**6. Сексуалните права можат да бидат подложени на ограничувања кои се одредени со закони што признаваат почитување на права и слободи на други и на општата добросостојба во демократските општества;** смислата на овој принцип е во нагласувањето на тоа дека нечии права не смеат да значат ограничување или оштетување на други. Но, ова ограничување не смее пак да биде дискриминаторно и да важи само за одредени групи, туку секогаш мора да биде водено од признавањето на различноста и динамичките врски меѓу различните интереси во општеството.

**7. Обврската за почитување, заштита и исполнување се однесува на сите сексуални права и слободи;** со други зборови, како и кај сите други права, и кај сексуалните, државите имаат обврска на три различни нивоа – почитување, заштита и реализација на правата на сите луѓе.

ПРИЛОГ 3.
Децата и сексуалната експлоатација во сиромашните земји

Тајланд е земја позната по можностите за т.н. секс-туризам. Туристи од побогатите земји, доаѓаат за да платат за сексуални услуги кои ги нудат малолетни лица, најмногу од се за да придонесат за голиот опстанок на семејството. Постојат многу региони во земјата во кои системот на социјална заштита воопшто не функционира и нудењето сексуални услуги на туристите е единствен начин за да се преживее. Затоа, децата не само што го прават тоа со знаење на нивните родители, туку тоа од нив всушност и се очекува.

Психичките и физичките последици што децата ги трпат заради сексуалната експлоатација се видливи и јасни. Голем дел од нив, како последица на траумите посегнуваат по алкохол и дрога. Но, истовремено, тие се чувствуваат и исклучително горди на тоа што исполнуваат обврска за семејството – однесување што во колективистички средини како што е Тајланд, се смета за врвна вредност.

Примерот со децата сексуални работници во Тајланд јасно дава на знаење дека е тешко да се зборува за заштита на сексуалните права на децата (право за заштита од сексуална злоупотреба) без да се земе предвид поширокиот општествен, економски па и културен контекст во кој тие живеат. Во овој случај, заштитувањето на децата од сексуална злоупотреба, би значело истовремено нивно лишување од правото да живеат во семејство (бидејќи постои голема можност да бидат напуштени ако не заработуваат), а можеби и од правото на живот воопшто.

*Извор*: Evans, 2012

# ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА КОНЦЕПТОТ ЗА СЕКСУАЛНИ ПРАВА

Новоста на самиот концепт *сексуални права* е само еден од факторите заради кои денес не може да се тврди дека постои збир на стандарди кои се сметаат за универзално прифатени. Теоретичарите и активистите кои работат на развивањето на принципите на сексуалните права и нивното преточување во правни норми, се соочуваат најмалку со два носечки извори на сериозни потешкотии: едниот доаѓа од нивните *внатрешни несогласувања* околу значењата на неколку клучни поими кои се поврзани со регулирањето на сексуалното однесување и изразување на државата, а другиот е *силниот отпор на одредени држави или заедници* кон регулирање на сферата на сексуалните права, или, уште повеќе, кон придржување до усвоените регулативи (ICHRP, 2009). Ваквата состојба резултира со неуспех на обидите да се формулираат и наједноставни релевантни универзално важечки стандарди.

Внатрешните тензии и несогласувања потекнуваат од неможноста да се постигне консензус помеѓу различни интересни групи во врска со важни идеолошки прашања. На пример, дебатата[5] меѓу двата феминистички ориентирани „табора" за тоа дали секој вид продавање сексуални услуги е деградирачко и претставува само по себе насилство и кршење на базичните човекови права или, пак, треба да биде право на избор, особено за жените, бидејќи тие од сексуалните услуги може добро да заработуваат, сѐ уште не може да се реши, токму затоа што сфаќањата на двете групи се базирани на различни појдовни вредносни позиции. Привржаниците на гледиштето дека работењето во секс-индустријата треба да биде работа како и секоја друга, сметаат дека криминализацијата на давањето сексуални услуги може само да им наштети на жените, бидејќи огромен број жени нема да имаат друг извор на егзистенција. За нив, декриминализицајата на проституцијата би дала можност за економско, па и социјално засилување на одредени групи жени, за организирање во синдикати, активно партиципирање во општествениот живот и систематска заштита од сексуално преносливите болести и од насилството. Претставниците на спротивставениот „табор" тврдат дека за да се прифати давањето сексуални услуги како вообичаен дел од репертоарот на занимања, треба да се замижи пред фактот дека и проституцијата, и порнографијата и трговијата со луѓе се во основа тортура, како и тоа дека насилството им е инхерентно својство (Farley, 2006). Заради оваа поларизација во ставовите, до денес, Обединетите нации немаат јасна позиција во врска во прашањата околу заштитата на сексуалните работнички од злоупотреби.

За огромното мнозинство останати прашања меѓу активистите и теоретичарите кои работат врз платформата на човековите права, постигнато е само делумно согласување, односно, постои консензус околу суштината, но има многу разлики во предлозите како да се решат различни прашања што произлегуваат од тој феномен. На пример, за сите е неспорно дека силувањето може да се случи и во брак и дека тоа се разликува од силување во други контексти. Но, оваа појдовна заедничка позиција не може да реши многу спротивставени мислења за варијациите на присилните сексуални однесувања во брак, како што се да речеме, како да се третира притисокот за сексуален однос без употреба на кондом во услови на доброволен секс, или, како да третираат најразличните сексуални практики во рамки на доброволен однос кои за едниот од партнерите (најчесто жената) не се прифатливи (IPPF, 2009).

На крај, постојат и такви прашања за кои постои широк консензус меѓу сите заинтересирани страни, барем во модерните и модернизирачките општества и барем на декларативно ниво. Меѓу барањата за кои постои јасно согласување се на пример, барањата за право на автономно носење одлуки во врска со изборот на брачен партнер, во врска со имањето деца (дали, кога и колку), правото на заштита од тн. убиство „заради чест" во случаи на сексуална врска надвор од бракот и слично. Иако е логично да се очекува дека во услови кога постои и идеолошка согласност и соодветна законска регулатива, заштитата на сексуалните права би требала да биде соодветна, реалноста укажува на поинаква состојба.

На пример, во современи услови, правото на припадниците на ЛГБТ заедницата на видливост и на учество во јавниот живот е сосем неоспорно меѓу активистите и теоретичарите ориентирани кон парадигмата за човекови права, но уште поважно, во голем број држави постојат и јасни закони што експлицитно го афирмираат. Но, праксата може да покаже и сериозно несовпаѓање помеѓу декларираните и обезбедените права. Само како илустрација, и покрај тоа што законот во Турција обезбедува право на ЛГБТ групите да се организираат и да учествуваат на јавни митинзи и маршеви, невладината организација Ламбда која се бори за редукција на хомофобијата и хомофобичното насилство, била укината со судска пресуда заради наводно прекршување на законот за семејство и поради заштита на јавниот морал.[6]

Примерот јасно сугерира дека и во оние домени на сексуалноста во кои постои и идеолошка согласност и релативно добро артикулирана регулатива, неретко се наидува на отпор од страна на државите во соодветна заштита на обезбедувањето на сексуалните права. За ваквите форми на отпор може да се каже дека припаѓаат на репертоарот на *пасивни* облици. Тие се манифестираат низ најразлични форми, почнувајќи од игнорантски однос кон различните облици на нарушување на гарантираните права, до испраќање имплицитни пораки за поддржување на спротивниот дискурс (прилог 4). Ако се проследи понатаму примерот со правото на ЛГБТ лицата за здружување и учество во јавни собирања, форми на пасивен отпор на државата би можеле да бидат недоволна грижа за обезбедување соодветна полициска заштита за

**5.** Слична дебата се одвива и во сферата на порнографската индустрија (види Кениг, 2011 стр. 15-154).

**6.** Веста достапна на http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/7427376.stm

време на паради, маршеви или протести, толеранција на несоодветно спроведување на таа заштита, или пак, отсуство на јавна осуда на говорот на омраза во медиумите кој е особено карактеристичен во периодот кога таквите паради се најавуваат. Сите наведени облици на пасивен отпор беа типични за последните случувања во оваа сфера во целиот регион.[7]

ПРИЛОГ 4.
Улогата на граѓанските движења во заштита на правата

Во Каолак – Сенегал, активистите за правата на жените го дигнале својот глас по повод едно брутално силување на 9-годишно девојче, од чии последици таа набргу починала. По направениот увид од страна на полицијата, 66-годишниот водач на една религиозна група признал дека е сторител на делото. И покрај тоа што било јасно кој е сторител на делото и што би следувало како казна за истото, локалните политички лидери почнале да вршат притисоци врз семејството на жртвата да не достави тужба, затоа што се работело за истакнат член на заедницата, чиј углед е многу важен.

Под притисок на неколку женски групи случајот е изнесен пред суд, а на него присуствувале повеќе од 10000 луѓе. За првпат во историјата на таа земја, изречена е затворска казна за силување во траење од десет години.

Овој пример, и покрај исходот кој донекаде може да се нарече праведен, многу илустративно го покренува прашањето за доволноста на законските решенија во културен контекст кој недоволно ги поддржува, но истовремено и упатува на важноста на граѓанското лобирање.

*Извор*: UNIFEM, 2005

Сето ова укажува дека кога се зборува за пасивниот отпор кој се пружа при заштитата и овозможувањето на правата во сферата на сексуалноста, не смее да се заборави на важноста на ситуираноста на правните регулативи во даден културен и политички контекст како и на улогата на предрасудите кон одредени групи (прилог 5). Со други зборови, традиционалните вредности и норми, во комбинација со мала политичка воља да се почитуваат законските одредби кои ги штитат сексуалните права,може да претставуваат силна пречка во нивната реализација низ практиката.

ПРИЛОГ 5.
Кому му служи законот за криминализација на пренесување HIV?

Дејвид Кемп го образложува мислењето дека законите со кои се криминализира пренесувањето на HIV вирусот, повеќе служат за продолжување на дискриминацијата на луѓето кои живеат со HIV отколку што користат на причината поради која биле усвоени – заштитата на здравите лица од заразување.

Во основа, законот за криминализацијата имал за цел да ја заштити јавноста од вирус за кој, во тоа времето кога е донесен, не се знаело многу повеќе од тоа дека е смртоносен. Законот всушност требал да ги спречи луѓето кои се носители на вирусот, намерно и свесно да го пренесуваат на други лица.

За илустрација на изнесената теза, авторот го образложува случајот во кој Ник Роудс, ХИВ позитивен маж од Ајова, се сретнал со друг маж на Интернет со кој имал сексуален однос. При тоа, користеле кондом, а Роудс не му кажал дека е ХИВ позитивен. Во времето кога тоа се случувало, вирусот кај Роудс не можел да се детектира, значително намалувајќи ја можноста за заразување на друго лице. Неколку дена подоцна, другиот маж бил информиран дека постои можност Роудс да има HIV, по што тој ја известил полицијата. Роудс бил уапсен и обвинет за намерно пренесување на вирусот на друго лице.

Наспроти околностите - фактот што бил користен кондом и тоа дека другото лице всушност не се заразило, адвокатот на Роудс го советувал да се изјасни како виновен. Тој добил максимална казна според законот во Ајова, а тоа е дваесет и пет години во затвор и доживотна регистрација како сексуален престапник.

Непропорционалноста на изречената казна со извршеното дело, сугерира дека законот повеќе се користи за казнување на хомосексуалците за нивната ориентација отколку како превенција на ширење на заразата.

*Извор*: http://coalition.org.mk

Постојат и форми на многу поотворено, *активно* одбивање да се поддржат сексуалните права, кое се рационализира на најразлични начини. Еден од најчестите е изговорот дека одредена практика, колку и да е брутална и со очигледни тешки последици по здравјето и достоинството на жртвите претставува дел од традицијата и културното милје, па според тоа, барањето да се санкционира би било

**7.** Види повеќе на: http://coalition.org.mk/2012/10/srpskiot-premier-smeta-deka-belgradskiot-gej-prajd-pretstavuva-bezbednosen-rizik/

во колизија со друго право. Неретко, владите во многу земји се служат и со негирање т.е. со тактиката „кај нас нема такви“, тврдејќи дека заради одредени културни и религиозни убедувања и обичаи, односно заради „националниот менталитет“, одредени начини на сексуално однесување апсолутно не се регистрирани. Најчесто вакви тврдења има за тоа дали во конкретните земји воопшто постојат хомосексуалци и жени кои имаат сексуални односи надвор од бракот, па прогласувајќи ги за непостоечки, автоматски ги лишуваат од какви и да се сексуални права.

# ОГРАНИЧУВАЊА НА ПРАВАТА

Добро е да се има предвид дека и кога сите дилеми и предизвици што беа претходно дискутирани би се решиле, сексуалните права, како и човековите права генерално, имаат лимити. Како што веќе беше споменато, сексуалните права се ограничени со принципот дека *може да се уживаат се додека не повредуваат нечие друго право*. Во принцип, ова ограничување не поставува премногу предизвици за дефинирање каде завршува нечие право со оглед на тоа дека почнува некаква повреда. Понатаму, *некои прашања се надвор од доменот на сексуалните права*. Тие може да ја регулираат заштитата од сексуално насилство или од дискриминација, но, разбирливо, не може да им гарантираат на луѓето сексуален живот без нешта како што се љубомора, неверство или 'скршени срца' (ICHRP, 2009). Во правата *не уживаат подеднакво луѓето од пониските социо-економски слоеви* како и оние од повисокоите, еднакво како што во светски рамки постои диверзификација во можноста да се обезбедат услови за нивно уживање помеѓу развиените земји и земјите во развој.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Binnie, J. (1995). Trading Places: Consumption, Sexuality and the Production of Queer Space, in D. Bell and G. Valentine (eds.) Mapping Desire. Geographies of Sexualities. London: Routledge.

2. Evans, R. (2012).Understanding young people's rights to decide: What is childhood and what we mean by young person? London: IPPF.

3. Farley, M. (2006). Prostitution, Trafficking, and Cultural Amnesia: What We Must Not Know in Order To Keep the Business of Sexual Exploitation Running Smoothly.Yale Journal of Law and Feminism, 18, 101-136.

4. International Council on Human Rights Policy [ICHRP]. (2009). Sexuality and Human Rights: Discussion paper. Versoix, Switzerland: ICHRP.

5. International Planned Parenthood Federation [IPPF]. (2008). Sexual Rights: an IPPF Declaration. London:IPPF.

6. Richardson, D. (2000). Constructing sexual citizenship: theorizing sexual rights. Critical Social Policy. Bol. 20 /1, pp. 105-135.

7. Richardson, D (1998). Sexuality and Citizenship. Sociology ,32, pp. 76- 83.

8. Robson, R. and Kessler, T. (2008). McGill Law Journal, 53, pp. 535-571.

9. Bell, D & Binnie, J. (2002) Sexual Citizenship: Marriage, the Market and the Military. In D. Richardson & Seidman, S. (eds.). Handbook of Lesbian and Gay Studies. Thousand Oaks: Sage Publications.

10. United Nations Development Fund for Women. [UNIFEM] (2005). Not a Minute More: Ending Violence Against Women. UNIFEM

11. World Health Organization [WHO]. (2006). Defining Sexual Health, World Health Organization: Report of a technical consultation on sexual health 28–31 January 2002, Geneva,

# 03 / ЗА СЕТИЛНОТО ЗАДОВОЛСТВО И ЧУВСТВОТО НА ЗАДОВОЛСТВО ОД ПЕРСПЕКТИВА НА ЕВОЛУЦИСКАТА ПСИХОЛОГИЈА

Проф. д-р Огнен Спасовски

**„Природата го ставила човештвото под владение на два суверени господари, *болката* и *задоволството,* ...тие управуваат со сѐ што ќе направиме, со сѐ што ќе кажеме, со сѐ што мислиме“.**

**Џереми Бентам, 1789**

## ВОВЕД

Задоволството и емоциите во многу општествени заедници сеуште се третираат од строг морален аспект, како рудименти од анималната природа на човештвото. Ова античко толкување на емоциите како „шизма“ се прошири и низ средновековното христијанство. Како последица, денес сеуште за многу димензии на емоциите и задоволствата се гледа како на нешто што е можно и треба да се надмине во процесот на развој на „подобри луѓе“. Оттука, за сексуалното задоволство скоро без исклучок се зборува и анализира од строги морални ракурси, додека истовремено, насекаде околу нас во експанзија е сексуалната индустрија.

Суштинска теза во класичното гледиште за емоциите е дека тие ги попречуваат рационалното мислење и когнитивните процеси. Ваквата платформа, со која интеракцијата на емоциите со когнитивните процеси се претставува како „обземеност на умот од страстите“, во преден план го поставува прашањето на моралот, а емоциите ги третира како конфликтни на моралните норми.

Но, наспроти класичното гледиште за емоциите, современата наука покажува дека емоциите имаат исклучително важна улога во еволуцијата на човештвото, и дека секоја емоција има важна функција за успешната адаптација и сеопштото функционирање на организмот. Современите сознанија имплицитно се застапени и во една дефиниција на сексуалноста на која често се реферира, имено, онаа предложена од страна на Светската здравствена организација во 2002 година (WHO, 2006; стр.10), според која:

*Сексуалноста е централен аспект на тоа да се биде човечко суштество и ги опфаќа полот, родовите*

*идентитети и улоги, сексуалната ориентација, еротичноста, задоволството, интимноста и репродукцијата. Сексуалноста се доживува и искажува низ мислите, фантазиите, желбите, уверувањата, ставовите, вредностите, однесувањата, практиките, улогите и врските. Додека сексуалноста може да ги вклучи сите овие димензии, не секогаш сите мора да бидат искусени или манифестирани. Сексуалноста е под влијание на интеракција од биолошки, психолошки, социјални, економски, политички, културални, етички, правни, историски, религиозни и духовни фактори.*

Овој современ дискурс сугерира дека сексуалноста е централна во суштествувањето на луѓето. Сексуалните сензации, еротичноста, сексуалното задоволство и емоциите воопшто, претставуваат суштински и централни доживувања низ животот. Сексуалноста е повеќе од сексуално или репродуктивно однесување, таа е комплексно доживување кое произлегува од бројни и сложени процеси во организмот и неговата интеракција со средината.

Посебно важно во контекст на развојот на младите и нивното воспитување, е следново: децата низ својот развој постојано влегуваат во низа од фази кои се одликуваат со специфични телесни и психички промени. Во секоја од овие фази децата се изложени на мноштво телесни сензации. Едновремено, од околината и медиумите тие се „бомбардирани" со информации и сознанија поврзани со телесноста и сексуалноста, за кои тие се често неподготвени. Во таква ситуација, многу често се јавува една конфликтна појава, која е резултат на табуизирачкиот пристап на општеството. Имено, од една страна, децата чувствуваат дека станува збор за нешто природно, за нешто што е составен дел на нивното тело и нивниот психички живот. Од друга страна, од најрана возраст децата имаат доживување дека тие теми се срамни, за кои не се зборува и не треба да се зборува.

Овие искуства на потиснување, маскирање, или погрешно именување на нештата, имаат силно влијание врз подоцнежниот однос кај луѓето кон сопственото тело, влијание врз сексуалното однесување, како и врз односот кон своите и туѓите сексуални права. Овие рани искуства имаат влијание врз тоа дали слободно и автентично ќе се доживува сопственото тело, сопствената сексуалност и еротичност. Тие се суштински искуства за развојот на чувството на посебност и различност и се надоврзуваат на природната потреба за самоосознавање, самоопределување и интегритет. Овие искуства ќе влијаат врз тоа дали автентично и слободно ќе се изразува и ќе се зборува за сопствените сексуални искуства - доживеани доброволни или присилно. Сите овие аспекти влијаат врз развојот на личниот идентитет, самодовербата и врз односот кон себеси и кон другите. Оттука, односот кон сексуалноста, сопствената и онаа на другите луѓе, е исклучително важна за развојот и добросостојбата на единката, подразбирајќи го и здравјето. Односот кон сексуалноста како природен аспект на нашето битие е важен за функционална социјализација, за справување и „здраво" владение со сексуалните и еротичните сензации, задоволувањето на сексуалните потреби и првите сексуални искуства.

Со оглед на тоа што децата имаат потреба од информации за нештата кои им се случуваат, а кои се поврзани со нивното тело, тие ќе бидат „отворени" за таквите информации. Напротив, затворањето на очите на општеството пред оваа појава, води кон изложување на децата на ризик од најмалку два аспекти: ризик од интернет-злоупотреба и злоупотреба од страна на лицата од нивната околина. Воедно, табуизирањето и забранитеи ги прават посебни привлечни сексуалните содржини достапни на интернет, поради што децата и младите (посебно машките) сѐ повеќе се осамуваат во светот на порнографските интернет сајтови, како своевидна самоизолација во „виртуелно гето" каде „непречено" ќе можат да „комуницираат" и да манипулираат со нештата кои ги чувствуваат и доживуваат, а кои не можат да ги споделат во својата средина. Затоа е нужно на децата да им се овозможи да ги разберат емоциите и задоволството како природни процеси кои се развиле низ еволуцијата како корисни механизми во интеракцијата со средината.

## ЕВОЛУЦИЈА НА ЕМОЦИИТЕ, СЕТИЛНОТО ЗАДОВОЛСТВО И ЧУВСТВОТО НА ЗАДОВОЛСТВО

За да се разберат важноста, улогата и причините за постоењето на задоволството и емоциите воопшто како психо-физиолошки појави, неопходно е да се разберат процесите на природната селекција и еволуцијата.

Нашиот ум претставува интегриран систем составен од многу „програми", или „механизми", кои имаат различни и специфични задачи и цели, кои безброј пати се повторувале низ историјата. Тие се оформиле за да решаваат различни адаптивни проблеми, како на пример: регулација на работата на срцето, регулација на заспивањето и спиењето, вигилноста кон грабливците,

борба или бегство, препознавање на лица, барање и избор на партнер за репродукција, заљубување итн. (Tooby & Cosmides, 1990, 2005, Buss, 2008). Самото постоење на различни микропрограми создава нов и посебен адаптивен проблем: како да се регулира ситуација во која истовремено се јавуваат повеќе различни програми кои се во колизија меѓусебе (на пример, програмот за заспивање со програмот за вигилност за опасности од ѕверови-грабливци), што може да доведе до фатални последици по организмот. Овој адаптивен проблем, еволуцијата „морала да го реши" на начин што во вакви ситуации, овие програми би морале да бидат во хармонија, или еден од нив да добие приоритет над другите. Ваква хармонија и координација меѓу психичките процеси и однесувањето, еволуцијата овозможила со креирање на надредени програми кои ќе ја проценуваат ситуацијата, ќе контролираат и ќе даваат приоритет. Тие надредени програми се токму - *емоциите.* Емоциите како надредени програми ги координираат подредените на нив, со цел организмот да одговори најсоодветно во дадена ситуација. Емоциите се комплексна реакција на организмот која произлегува од проценката на ситуцијата и проследена е со физиолошки промени во функција на мобилизација на организмот, поттик кон соодветно дејство, како и специфично чувство кое ја обојува целата психо-физичка состојба.

Постоењето на емоциите, вклучително и на чувството на задоволство, е резултат на *процесот на природна селекција* со кој се фаворизираат оние појави и облици на однесување кои водат кон подобро адаптирање на организмите на средината и кон опстанок на видот. Кон еволуирање на емоциите воделе два процеси на „притисок" на природната селекција, а се јавиле токму како потреба за поефикасна интеракција на организмите со средината. Тоа се процесите кои произлегуваат од 1. потребата од механизам кој ќе овозможи *средината да биде категоризирана*, и 2. потребата од механизам кој ќе им овозможи на организмите *ефикасно да ја проценуваат средината* во контактите со неа. Потребата за ефикасна проценка на средината во контактите со неа е всушност проценка која мотивира кон акција: дали на она што е пред нас можеме да му пристапиме, или треба да го избегнеме и да се оддалечиме. Тоа е проценка дали тоа нешто е привлечно или одбивно, корисно или штетно. Ваква брза проценка не е можна само со активност на когнитивните потсистеми. Без оваа функционалност на емоциите, однесувањето и реакцијата во конкретна ситуација би биле зависни од повеќе истовремени процеси на когнитивна обработка на информациите во различни мозочни модули кои не се осетливи на ургентност. Тие би се потпирале на рационална проценка на веројатноста, која не е секогаш добар водич, а посебно не во ургентни ситуации.[1]

Пример за тоа како функционираат овие механизми е емоционалната проценка во ситуација на внес на затруена храна: емоционалната проценка всушност ќе значи појава на гадење, што ќе нè поттикне да ја исфрлиме храната од нашиот организам. Од друга страна, нештата или активностите кои се корисни за нас - ќе предизвикуваат чувство на задоволство, што ќе не поттикнува во слични ситуации да ги повторуваме тие активности. Значи, емоциите се природен процес и механизам кој се развил низ еволуцијата, кој овозможува дразбите од средината да бидат „преведени" на начин што ќе овозможи соодветна реакција.

Емоциите според Картрајт имаат повеќе карактеристики поврзани со нивните функции, од кои извојуваме неколку (Cartwright, 2008):

- тие се поврзани со, и поттикнуваат активност на автономниот и ендокриниот систем,
- мотивираат на акција,
- емоциите имаат комуникациски својства, со што овозможуваат поврзување со другите и одржување на врските,
- пријатните емоции имаат поткрепувачко/наградувачко дејство,
- емоциите може да влијаат на когнитивната евалуација на настаните и на меморијата,
- емоциите ги обојуваат запомнетите содржини и ги прават пристрасни.

Емоциите како надреден систем, претставуваат проценка на важноста и значењето на информациите воспримени од сите физиолошки потсистеми. Тие претставуваат вистинска *комуникација* меѓу сензорните потсистеми и централниот нервен систем. Емоциите се *информација за состојбата* на сите физиолошки системи и процеси, односно, претставува сумирана порака која произлегува од сите нив. Затоа, актуелното расположение или чувството на задоволство претставуваат сигнали за тоа во каква состојба е организмот. Така на пример, чувството на задоволството е знак дека со организмот е сè во ред, а дејствието кое актуелно се врши е во позитивна насока и оди во прилог на организмот.[2] Со таквата координација расположението и задоволството помагаат функциите на организмот да бидат во интеграција. Односно, емоциите овозможуваат интегритет на сите функции на организмот, затоа што токму преку емоциите, телесните системи

**1.** Повеќе на оваа тема види во Kahneman, 2011
**2.** Со резерва за состојбите кога организмот е под дејство на психотропни супстанци.

комуницираат со свесноста, и го држат целиот организам со сите свои функции во целина како единствен систем. Само на тој начин е можна адаптивна интеракција со средината и опстанок (Cosmides & Tooby, 2000).

Емоциите имаат и друга важна одлика, или функција. Имено, емоционалното изразување овозможува *комуникација и со надворешниот свет*. Емоционалниот израз во момент на самата појава емитира информација за состојбата на организмот-носител. На пример, кога сме гневни, фацијалната експресија на емоцијата гнев и постурата на телото веднаш ја пренесуваат информацијата до другите околу нас дека сме подготвени за напад. Од друга страна, емоцијата радост со сета експресија им сигнализира на другите лица дека ситуацијата е безбедна, а воедно праќа и информација дека сме подготвени за социјална интеракција. Чувството на задоволство поттикнува или предизвикува позитивна реакција и кај другата единка, со што овозможува и зацврстување на врските.[3] Овие природни емоционални механизми се во основата на процесите на формирање врски со интимни партнери, цврсти пријателства или цврсти роднински врски, кои долгорочно гледано создаваат силна социјална поддршка и механизми за здружување и соработка меѓу луѓето.

**Функција на позитивните емоции**

За разлика од негативните емоции, функцијата на позитивните емоции подолго време била енигма во науката, и покрај недвосмисленоста дека тие овозможуваат и помагаат *однесување кое е насочено кон приближување* или *пристапување* (анг.: approach). Без таков механизам не е можна интеракцијата со социјалната и физичката средина. Барбара Фредриксон - водечки научник во сферата на емоциите, смета дека позитивните емоционални доживувања имаат важна улога во проширувањето и градењето на психичките капацитети за развој. Според неа, тие имаат имаат четири поврзани, но различни функции (Fredrickson, 2004, 2003):

- ▷ Позитивните емоции го прошируваат нашиот репертоар на мислење и дејствување,
- ▷ Позитивните емоции ги анулираат штетните ефекти на негативните емоции,
- ▷ Позитивните емоции градат психолошки репертоар на особини и ресурси за иднината,
- ▷ Позитивните емоции поттикнуваат нагорна развојна спирала, спротивно од негативните емоции кои предизвикуваат надолна спирала.

Како што беше претходно кажано, позитивните емоции имаат функција на сигнализирање на состојбата на индивидуата, односно, претставуваат и знак за нејзиното актуелно здравје и добросостојба (Kahneman, 1999). Нашиот емоционален израз за другите луѓе претставува информација за нашата општа состојба. Оттука, позитивните емоции не само што овозможуваат да им пристапуваме на средината и другите луѓе, туку, тие и потенцијално ги поттикнуваат другите луѓе да ни пристапат нам.

Може да се резимира дека емоциите претставуваат процеси на проценување на средината. Тие функционираат како *внатрешни сигнали* да се:

(1) *пристапи* кон постојната ситуација или објект, односно сигнал дека ситуацијата е проценета како корисна, и

(2) во ситуација кога сме во интеракција со средината, тие се знак дека таа е безбедна и корисна и може да се *продолжи* со започнатата интеракција.

Овие функции ги поседуваат позитивните емоции, расположенија и позитивните сетилни афективни доживувања, како што е сетилното задоволство.

# ЗА ЗАДОВОЛСТВОТО

Термините „пријатност" или „задоволство" може да имаат различни конотации, како во македонскиот, така и во англискиот јазик (анг.: pleasure). Со цел попрецизно да ја дефинираат оваа психичка појава, некои автори (на пример Канеман; Kahneman, 1999) го користат терминот *хедоничко чувство*, или хедоничко доживување (анг.: hedonic experience). Во македонски контекст многу почесто се среќаваат и се користат термините (чувство на) „задоволство", или „пријатност", кои се употребуваат истовремено и наизменично (Спасовски, 2012).

Чувството на пријатност или задоволство претставува позитивно доживеана психо-физиолошка состојба, кон која се стремиме, се обидуваме да ја одржиме и засилиме (Rozin, 1999).

**Функција на чувството на задоволство и пријатност**

Специфичната функцијата на задоволството како механизам развиен низ еволуцијата се состои во тоа што

**3.** Овој процес на препознавање на емоциите кај другите и поттикнување на истата емоција кај нас, на физиолошко ниво се должи на активацијата на системот на т.н.„неврони-огледала", или „огледални неврони" (mirror neurons) во мозочниот потсистем инсула. Овие неврони се одговорни и за појавата на емпатија. Дефицит или нарушување на нивната функција доведува до психо-физиолошки нарушувања поврзани со емоционалноста, како на пример аутизмот (Cartwright, 2008).

извршувањето на корисните дејства од страна на организмите да биде проследено со пријатни чувства, со што, тие ќе бидат поттикнати овие активности да ги повторуваат. Интеракцијата на организмот со средината е тесно поврзана со размената на материи меѓу внатрешноста и надворешноста преку шуплините на површината на телото. Телесните задоволства се поврзани со сензации – сетилни дразнења кои доаѓаат токму од сензорните апарати на нашата кожа лоцирани околу телесните шуплини. Овие сетилни задоволства имаат функција да ја поттикнуваат, контролираат и да ја водат оваа размена на материи меѓу организмот и средината. Односно, тие се развиле низ еволуцијата токму поради нивната адаптивна вредност. Најважните задачи на нашите предци биле поврзани со хранењето, репродукцијата и одгледувањето на потомството. Затоа, токму активностите поврзани со размената на материите со средината најфреквентно и најинтензивно предизвикуваат чувство на пријатност и задоволство. Со ваков механизам развиен низ еволуцијата, се зголемува веројатноста дека овие активности ќе бидат поттикнувани кај организмите. Секогаш кога организмот ќе направи нешто што долгорочно е поврзано со подобро прилагодување на средината и со опстанокот, постоењето на овој емоционален механизам ќе предизвика да почувствуваме задоволство и пријатност. Тоа е начинот на кој еволуцијата ќе нè поттикне, „принуди“ или мотивира, корисните нешта да ги направиме повторно, односно *да ги повторуваме* (Rozin, 1999). Од тие причини, консумирањето одредена храна ќе предизвика сетилно задоволство, а доживувањето на чувството на пријатност е сигнал да се продолжи со консумирањето на таа храна. Механизмот е идентичен и кога станува збор за сексуалното задоволство. Чувството на пријатност е знак дека тоа што го правиме е добро за нас и носи некаков бенефит.

### Невролошки основи на задоволствата, нижи и виши задоволства

Кога се зборува за пријатноста или задоволството, обично се помислува на телесно задоволство или телесна пријатност. Но, врз системот за сензорно-физичкото задоволство, низ филогенезата се развиле и сложени појави на задоволство, поврзани со повисоки ментални активности. Такви се естеското чувство на задоволство и чувството на задоволство кое се јавува при важно постигнување. Оттука произлегува и разликувањето на *нижи* и *виши* задоволства (Rozin, 1999). Во оваа насока на размислување, Кубови разликува *задоволства на телото и задоволства на умот* (Kubovy, 1999). Од физиолошки аспект, невралните структури во мозокот ангажирани при *нижите* и *вишите* задоволства се испреплетуваат. Имено, при доживување на задоволство, се ослободуваат поголеми количини на еднорфин и допамин во префронталните делови на кортексот и се интензивира активноста на мозочната структура позната како центар за награда или задоволство. Ангажираноста на центарот за награда при доживувањето и на нижите и на вишите задоволства е заедничка, иста. Се претпоставува дека од капацитетите за доживување на *нижите* телесни задоволства еволуирале и механизми за доживување на *вишите* задоволства на умот. Односно, еволуирале чувства на пријатност кои се резултат на вклученоста на вишите когнитивни функции, како што се пријатноста и задоволството при естетските доживувања, хуморот или задоволството од постигнување.

Ваквиот развој бил можен благодарение на состојба наречена *предадаптација* (анг.: preadaptation). Предадаптација се однесува на појава кога постоечка структура (или орган) која имала одредена функција, низ еволуцијата се здобива со друга, неповрзана, често посложена функција. На тој начин, врз основа на базични физиолошки механизми, и во сферата на емоционалноста преку предадаптацијата се развиле нови и посложени форми на бихевиорално ниво. Овој процес ќе го објасниме преку илустрација со *гадењето* како најстара емоција. Таа има фунција да овозможи проценка дали храната е опасна за организмот. Во ситуација кога внесуваме затруена храна, се активира гадењето и храната се исфрла. Иако кај современото човештво начинот на кој се изразува оваа емоција останал ист, опсегот на дразби и ситуации кои може да ја *поттикнат* е проширен низ историјата и под влијание на културата. Така, денес, гадење предизвикуваат и ситуации кои не се поврзани со храна, туку со постапки на други луѓе (морални норми), кои се многу посложени од доменот на храната. Сличен процес поврзан со предадаптација се случува и во доменот на телесно задоволство: настанато да мотивира размена на материи со средината, денес ова чувство го поттикнуваат сензации и ситуации кои не се поврзани со размена на материи со средината. Низ еволуцијата, чувството на задоволството се повеќе се поврзувало со повисоки и посложени психички функции. Притоа, додека телесното задоволство е тесно поврзано со инпут од сензорните апарати и може физички да се локализира, естетското задоволство и задоволствотото од постигнувањето се апстрактни; тие не може да се локализираат физички, но може да бидат поврзани со сензорен инпут. Оттука, во современиот општествен и културен контекст, сексуалното задоволство

не е поврзано само со чинот на репродукција, ниту само со моментите на оргазам, туку има посложени дименазии. Природната улога на хемиските супстанции допаман и ендорфин, како и репрезентациите на искуствата „запомнети" од амигдалата спонтано се јавуваат и не може да се спречат. Сензациите од еротска, сексуална природа се спонтани и природни, и согласно на нивната возраст се јавуваат последователно на секојдневните доживувања на децата и младите.

**Актуелно, запомнето и антиципирано задоволство**

Повеќекратноста и сложеноста на улогите кои ги има чувството на пријатност и задоволство се манифестира и во функцијата која тоа ја има гледано од перспектива на времето. Имено, чувството на задоволство може да биде резултат на актуелно задоволство (предизвикано од дразба во сегашноста), резултат на антиципирање на нешто со позитивен исход во иднината (*антиципирано задоволство*), и резултат на присетување на пријатни нешта од минатото (*запомнето задоволство*) (Kahneman, 2011, 1999). Каква е функцијата на една таква појава како што е запомнување на емоционалните доживувања, на запомнувањето на чувството при доживувањето на пријатните нешта, или антиципирањето на пријатноста? Претходно беше кажано дека задоволството има функција да го насочува однесувањето, односно, организмот да го прави она што е адаптивно и корисно. Во врска со антиципираното задоволство и запомнетото задоволство, Канеман претпоставува дека *тие имаат функција* да *помагнат во процесот на носење одлука во сегашноста* и да го направат поефективен. Адаптивната вредност на нашите ментални репрезентации на запомнетото и антиципираното задоволство е токму во тоа што тие ни „даваат инструкции" каква одлука да донесеме во актуелна проблемска ситуација. Со нивна помош се врши проценување на корисноста на можните и достапните опции во моментот.[4] Современата наука јасно ни укажува дека природата „се погрижила" да се развијат структури кои ќе бидат задолжени одредени емоционални искуства да останат запомнети (како *амигдалата*). Овие сознанија се исклучително важни од педагошки аспект, во смисла на подготовка на комуникацијата со децата и разбирање на нивните актуелни доживувања, содржините од меморијата или антиципациите за иднината.

**4.** Таканаречен процес на "Decision utility weighting"

# СЕКСУАЛНОТО ЗАДОВОЛСТВО, ЕМОЦИИТЕ И ДОБРОСОСТОЈБАТА

Општата добросостојба на секоја личност ја подразбира и сексуалната добросостојба и менталното здравје. Светската здравствена организација во дефиницијата за сексуалното здравје од 1972 година ја нагласува *„интеграцијата на телесните, емоционалните интелектуалните и социјалните аспекти на сексуалното суштествување..."*. Во 2002 година СЗО дава работна верзија на нова дефиниција, која гласи: *„Сексуалното здравје е состојба на физичка, емотивна, ментална и општествена добросостојба во однос со сексуалноста; тоа не подразбира само отсуство на болест, дифункционалност или телесен недостаток. Сексуалното здравје бара позитивен и одговорен приод кон сексуалноста и сексуалните врски, како и можности да се имаат пријатни и безбедни сексуални искуства, при отсуство на било каква присила, дискриминација и насилство. За да може сексуалното здравје да се постигне и одржи, сексуалните права на сите лица мора да се почитуваат, заштитат и исполнат (WHO, 2006: 10)"*.

Самите дефиниции на сексуалната добросостојба и сексуалното здравје- како одраз на современите парадигми - ја нагласуваат улогата и важноста на емоциите, а со тоа и на задоволството. Тоа е разбирливо затоа што задоволството е субјективно доживување кое е *истакнато* во менталниот живот и *има мотивирачка функција* (Rozin, 1999). Чувството на задоволство ги поврзува искуствата во сегашноста со оние од минатото и со антиципираните во иднината. За унапредувањето на сексуалната добросостојба, важно е да се нагласи и дека сексуалното задоволство е исклучително силно условено од контекстот во кој функционира единката. Затоа емоциите се клучен фактор за сексуалното здравје во контекст на насилството и дикриминацијата, но нивната важност се нагласува и надвор од таквиот контекст. Акцентот нужно треба да се стави на интеграцијата на телесните, емоционалните, интелектуалните и социјалните аспекти на сексуалното суштествување, како и на физичка, емотивна, ментална и социјална добросостојба во однос со сексуалноста. Вакво ниво на добросостојба подразбира адекватно и безбедно искусување на промените и потребите од сексуална природа. Нивното попречување, како и конфликтите во сексуалната сфера доведуваат до исцрпување на личните енергетски ресурси и фрустрација, а следствено на тоа и влошување на сексуалната добросостојба и воопшто психолошката добросостојба и менталното здравје. Од тие причини, една заедничка

платформа за сите инволвирани инстанци и актери во процесот на образованието треба да биде базирана на информации за сексуалните сензации како природни, при што секое дете ќе може да разбере што се случува со нејзиното/неговото тело и ум. Потребата тие да се истражуваат е природна. Посебно важен е периодот на влегувањето во пубертет, и потребата да се разберат и истражат првите еротски сензации. Со оглед на тоа што овие искуства се проследени со интензивни емоционални доживувања, тие привлекуваат големо внимание и важност. Оттука, децата во секоја последователна фаза имат потреба за нив да комуницираат, на еден или на друг начин. Тоа многу често го прават со повозрасните деца или со возрасни лица од нивното окружување. Затоа, ако едуцирањето не биде структурирано, потребата за информации децата ќе ја задоволат на неконтролиран начин, изложувајќи се или на ризик од злоупотреба на интернет или на ризик од сексуална злоупотреба од лица од нивната околина.

Овие искуства и сознанија за сопствениот организам се проследени со силни емоционални доживувања, кои имаат силно влијание врз развојот на личниот идентитет и интегритетот на личноста. Сите актуелни концепции за среќата и добросостојбата, без оглед дали е дефинирана како психолошка, емоционална или субјективна добросостојба, ги вклучуваат емоциите и задоволството меѓу клучните компоненти и фактори (подетално во: Спасовски, 2012). Тие укажуваат дека задоволството е природна и централна психолошка појава во животот на секое човечко битие. Воедно, задоволството е централен дел на сексуалноста, а сексуалноста - природен дел на нашето биолошко, психолошко и социјално живеење.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Buss, D.M. (2008). *Evolutionary psychology: the new science of the mind* (3rd ed.). Boston: Pearson Education, Inc

Cartwright, J. (2008). *Evolution and Human Behavior: Darwinian Perspectives on Human Nature*. Cambridge: MIT Press

Cosmides, L. & Tooby, J. (2000). Evolutionary psychology and the emotions. In M. Lewis & J. M. Haviland-Jones (Eds.), *Handbook of Emotions, 2nd Edition*. (pp. 91-115.) NY: Guilford.

Fredrickson, B., (2004). The broaden-and-build theory of positive emotions. *Philosophical Transactions of the Royal Society, B*. 359, 1367–1377
doi:10.1098/rstb.2004.1519

Fredrickson, B. L. (2003). The value of positive emotions. *American Scientist*, 91, 330-335

Kahneman, D., (2011). *Thinking, fast and slow*. New York: Ferrar, Straus and Giroux.

Kahneman, D., (1999). Objective happiness. Bo: Kahneman, D., Diener, E., & Schwarz, N., (ured.). *Well-Being: The Foundations of Hedonic Psychology*. New York: Russel Sage Foundation

Kubovy, M., (1999). On the pleasures of the mind. Bo: Kahneman, D., Diener, E., & Schwarz, N., (ured.). *Well-Being: The Foundations of Hedonic Psychology* (pp.134-154). New York: Russel Sage Foundation

Kurzban, R., (2012). *Authorized lestures in Evolutionary Psychology*. Philadelphia. University of Pennsylvania.

Rozin, P., (1999). Preadaptationand the puzzles and properties of pleasure. Bo: Kahneman, D., Diener, E., & Schwarz, N., (ured.). *Well-Being: The Foundations of Hedonic Psychology* (pp.134-154). New York: Russel Sage Foundation

Tooby, J. & Cosmides, L. (2005). Conceptual foundations of evolutionary psychology. In D. M. Buss (Ed.), *The Handbook of Evolutionary Psychology* (pp. 5-67). Hoboken, NJ: Wiley.

Tooby, J. & Cosmides, L. (1990). On the universality of human nature and the uniqueness of the individual: The role of genetics and adaptation. *Journal of Personality, 58*, 17-67.

Спасовски, О. (2012). Позитивна психологија. Скопје: Филозофски факултет.

World Health Organization [WHO]. (2006). Defining Sexual Health, World Health Organization: *Report of a technical consultation on sexual health*, 28–31 January 2002, Geneva,

# 04 / СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Проф. д-р Горан Ајдински
м-р Александра Каровска Ристовска

## ВОВЕД

Во последните години, промените во легислативата и ставовите резултираа во подобрени можности за лицата со физичка и интелектуална попреченост. Денес, лицата со попреченост постепено го завземаат заслуженото место во општеството како еднакви со лицата без попреченост.

Нажалост, во поглед на сексуалноста и попреченоста, општествените ставови многу малку се променети. Дури и денес, многу луѓе одбиваат да признаат дека сите индивидуи имаат сексуални чувства, потреби и желби, без разлика на нивните физички и/или ментални способности. Како резултат на тоа, многу млади лица кои имаат попреченост не добиваат сексуално образование, ниту во училиштата, ниту во сопствените домови.

# I МИТОВИ И ФАКТИ ЗА СЕКСУАЛНОСТА И ПОПРЕЧЕНОСТА

Многу луѓе веруваат во митовите во врска со сексуалноста на лицата со попреченост (Keshav&Huberman, 2006). Најчестите митови се:

- лицата со попреченост не чувствуваат потреба да имаат секс;
- лицата со развојни и физички пречки се зависни од други лица и се на развојно ниво на мали деца;
- лицата со попреченост се прекумерено сексуални и не се во состојба да ги контролираат своите сексуални потреби.

**Мит 1.** Лицата со попреченост не се сексуални. Сите луѓе, вклучувајќи ги и младите луѓе со попреченост, се сексуални суштества без разлика дали имаат физички, ментални или емоционални пречки. Сите луѓе имаат потреба од љубов, интимност, прифаќање и дружење. Во исто време, децата и младинците кои живеат со попреченост може да имаат некои уникатни потреби поврзани со сексусалното образование. На пример, децата со развојни пречки може да учат со побавно темпо отколку нивните врсници кои немаат попреченост, иако нивното физичко созревање се одвива со иста стапка. Како резултат на нормалното физичко созревање и забавен емоционален и когнитивен развој, тие имаат потреба од сексуално образование со кои би се изградиле вештини за соодветно однесување и користење на јазикот во јавност.

**Мит 2.** Лицата со попреченост се зависни и наликуваат на мали деца. Оваа идеја може да потекнува од верувањето дека попреченото лице некако не е во можност да партиципира еднакво во интимни врски. Општествената непријатност - општественото не прифаќање на сексуалноста, особено не прифаќањето на сексуалноста на лицата со попреченост може значи дека многу е полесно да се согледа личноста со попреченост како „вечно дете". Овој понижувачки поглед ја игнорира потребата да се признае сексуалноста на младиот човек и исто така ја негира неговата/нејзината целосна човечност.

**Мит 3.** Лицата со попреченост не можат да ја контролираат нивната сексуалност. Овој мит доведува до два други мита - ако лицата со попреченост не се ниту сексуални ниту наликуваат на деца, тогаш можеби тие се прекумерено сексуални и имаат неконтролирани потреби. Верувањето во овој мит може да резултира со одбивање и неподготвеност да се обезбеди сексуално образование на младите лица со попреченост. Реалноста е дека образованието и тренингот се клучни во промовирање на здраво и соодветно однесување, без разлика на способностите на младите луѓе.

# II ПРАКТИЧНИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО СЕКСУАЛНОСТА И ЛИЦАТА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

***Личен и сексуален развој***

Според Craft (1994) и според многу меѓународни документи, лицата со интелектуална попреченост имаат право да развиваат лични врски со другите луѓе. Во некоја од овие врски, може да постои и сексуална компонента. Ова не треба да не изненадува бидејќи задоволствата кои потекнуваат од сексуалните активности формираат еден многу базичен дел од сите нас. Во минатото, сексуалните чувства или однесување прикажувани од лица со интелектуална попреченост, често биле обесхрабрувани од роднините или негувателите. Ваквата супресија, и понекогаш негирањето, биле дел од ставовите поврзани со евгенетиката или потекнувале од гледиштата кон лицата со интелектуална попреченост како вечни деца, кои треба да бидат лишени од сексуални чувства. Денес е прифатено дека лицата со интелектуална попреченост имаат сексуални чувства. Одговорен професионален пристап гледа на сексуалниот развој како на дел од поширок интерес со цел да се оствари потенцијалот на сите клиенти. Мастурбацијата, како чин, не треба да биде обесхрабрена, но лицата со интелектуална попреченост треба да бидат подучени дека оваа активност треба да се одвива на приватни места. Така, однесувањата како мастурбацијата во јавните делови на резиденцијалните домови треба да биде обесхрабрена бидејќи истата претставува приватна и интимна активност; негователите треба да ги едуцираат нивните штитеници за потреба да прават разлика меѓу однесувања кои се прифатливи и неприфатливи на различни места. Од друга страна, сосема е прифатливо двојките да се држат за раце или да се бакнуваат; лицата со интелектуална попреченост не треба да бидат обесхрабрени од такво соодветно интерперсонално однесување само за да ги одржат стереотипите на некои членови на јавноста.

***Вклучување на родителите***

Без разлика дали родителите имаат блиски или пак пасивни врски со институцијата/училиштето, добра практика е тие да бидат вклучени во планирањето на образованието, бидејќи понекогаш ќе има ситуации кога гледиштата на штитеникот и тие на професионалците може

да се разликуваат од ставовивте на родителите. Кога лицата со интелектуална попреченост се помлади и живеат во домовите на нивните родители, многу е поверојатно да преовладуваат ставовите на семејството. Но, како што лицата со интелектуална попреченост постигнуваат независност и се одделуваат од нивните семејства, така повеќе преовладуваат нивните сопствени ставови и ставовите на професионалците задолжени за нивното образование.

Практичните насоки во врска со тоа дали да се вклучат или да не се вклучат роднините во одлуките во врска со личните и сексуалните работи, како и во врска со други прашања, треба да бидат дадени од професионалците во институциите кои личноста со интелектуална попреченост ги посетува. Овие професионалци ќе одлучат што е најдобриот интерес за нивниот штитеник. Многу е важно, оваа одлука да биде споделена со останатиот кадар и наведена во досието на личноста.

Бидејќи сексуалниот и личниот развој како и врските се многу осетливи теми, треба да се организираат работилници за лицата со интелектуална попреченост, роднините и кадарот кои треба да вклучуваат презентации и дискусии кои ќе бидат водени од професионални организации.

***Пубертет***
Негувателите, воспитувачите или дефектолозите треба постојано да бидат во соработка со останатиот кадар од институцијата/училиштето, докторот на детето и здравствените институтции со цел да се подготви детето за телесните промени кои настануваат во пубертетот кои обликуваат многу важни фази во сексуалниот развој. Младите лица со интелектуална попреченост, често имаат помалку можности за учење од нивните врсници без попреченост во врска со сексуалните прашања. Токму затоа, улогата на кадарот е од витално значење во обезбедување на овој вид на информација. Девојчињата ќе треба да бидат подготвени за почетокот на менструацијата. Кадарот во институциите треба да се осигура дека промената на влошките или тампоните се прави редовно и дека децата редовно се грижат за својата хигиена. Момчињата треба да се информираат во врска со нивните телесни промени, ерекциите и влажните соништа.

***Мастурбација***
Сексуалното истражување на сопственото тело е нормален дел од развојот и како таков не треба да биде обесхрабруван. Мастурбација е нормално сексуално однесување за момчињата и девојчињата, како и за мажите и жените. Како и да е, лицата со интелектуална попреченост треба да се обесхрабруваат од мастурбација во јавни области. Кадарот не треба да ја пренесува пораката дека мастурбацијата е грешен чин, туку треба да објасни дека е социјално неприфатлива на одредени места а прифатлива на приватни места. Ако лицата делуваат дека мастурбираат прекумерено (пр. лица со интелектуална попреченост може да мастурбираат и по 30 пати дневно и да немаат време и интерес за други активности), причините треба да се дискутираат со останатиот кадар и да се преземе одредена акција. Важноста на мастурбацијата како ослободување од сексуалната фрустрација треба исто така да се има на ум.

***Петинг***
Сексуалното истражување на телата на другите луѓе, исто така е нормален дел од развојот, но е активност која е ограничена од социјалните норми. Луѓето со интелектуална попреченост не треба да бидат повеќе ограничени отколку непопречените индивидуи само заради нивната попреченост. Сепак, постојат одредени околности кога таквото однесување е социјално неприфатливо или несоодветно. Кадарот треба да им помогне на штитениците/учениците да направат разлика каде и кога е соодветно да се прават интимните размени на нежност. Возраста, способноста и степенот на зрелост на штитениците/учениците исто така ќе влијае врз тоа што е прифатливо однесување и како тие треба да бидат советувани. Значајно е луѓето со интелектуална попреченост да научат дека и тие и партнерот/партнерката треба да дадат согласност пред да бидат допирани по интимните делови.

***Сексуални односи***
Лицата со интелектуална попреченост имаат право на сексуални односи,само доколку може да дадат согласност и такви активности се во рамките на законот и се одвиваат на приватни места. Во интернатите во кои учат и се сместени деца/ ученици на возраст од 14-18 години, некогаш се случува да има сексулни односи и на многу млади деца (14 тина години). За да се спречи ова и при тоа да се обезбеди превенција од сексуална злоупотреба, политика на интернатите каде што се сместени малолетни лица е да не се дозволуваат сексуални односи во рамките на интернатите и собите. Доколку сексуалните односи се случат во резиденцијалните домови/интернати за лица со интелектуална попреченост, тоа би претставувало прекршување на тоа правило.

***Контрацепција***
Советите за контрацепција треба да бидат обезбедени во рамките на една целосна програма за советување каде што релативните бенефити и неповолности треба да се

дискутираат со лицето со интелектуална попреченост. Кога штитеникот се вклучува во хетеросексуална врска, кадарот треба да биде подготвен да интервенира со цел да се осигура дека нема да се случат несакани бремености. Треба да им се помогне на лицата со интелектуална попреченост во донесувањето на информирани одлуки.

***Кохабитација и брак***

Во денешното општество, постојат бариери за лицата кои решаваат да живеат заедно како двојки без да влезат во брак. Би било сосема несоодветно да се поставуваат повеќе пречки на патот на лицата со интелектуална попреченост. Сепак, кадарот треба да ги советува потенцијалните клиенти во врска со долгорочните и краткорочните импликации на еден таков чекор. Посебно треба да се разгледува влијанието на ваков чекор во резиденцијални услови. Кога станува збор за брак треба да се води сметка за капацитетот на лицата со интелектуална попреченост да дадат согласност за бракот, како и за нивната способност да ги спроведуваат нивните брачни должности и обврски.

Според член 18 од законот за семејство на РМ (Службен весник на РМ, 2004) не можат да склучат брак лица кои поради манифестна форма на душевно заболување со присуство на психотични симптоми или резидуални знаци од болеста не се во состојба да го сфатат значењето на бракот и обврските што произлегуваат од него, а кои се истовремено неспособни за расудување. Не можат да склучат брак и лица кои заостануваат во менталниот (психичкиот) развој, а припаѓаат во групата на лица со тешка и најтешка ментална заостанатост IQ под 36 °. Лицата кои се распоредени како лица со умерени пречки во психичкиот развој или со лесни пречки во психичкиот развој, како и лица кои имаат тешки наследни заболувања во фамилијата, можат да склучат брак по претходно прибавено мислење за генетската конструкција издадено од Заводот за ментално здравје на деца и младинци Скопје или друга соодветна институција која се занимава со вршење на генетски истражувања.

***Родителство***

Лицата со интелектуална попреченост имаат право да станат родители меѓутоа ова право мора да е во согласност со правата и потребите на децата. Со правата доаѓаат и обврски. Лицата кои изразуваат желба да станат родителите ќе треба да одат на советување со цел да се истражат нивните очекувања и да се проценат нивните капаците за родителство. Одлуката за имање деца е важна одлука за сите не само за лицата со интелектуална попреченост. Потребно е лицата да се едуцираат за одговорностите на родителството и дополнително со нив да се разговара за нивната подговеност да се носат со тие одговорности.

***Несакана бременост***

Доколку лицата со интелектуална попреченост се вклучуваат во сексуални односи, кадарот има одговорност да биде подготвен да интервенира и да делува со цел да избегне несакана бременост. Лицето треба да биде советувано во врска со контрацептиви и во врска со импликациите на сексуалната врска. Одлуката да се поддржи лицето со интелектуална попреченост да има сексуални врски треба да биде поврзано со препорака во врска со контрацепцијата која треба да се употребува.

Доколку се случи несакана бременост, лицата со интелектуална попреченост треба да добијат советување во врска со следните опции: продолжување на бременоста и последиците за грижата за детето; посвојување или абортус.

## III СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА НА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Знаејќи дека овие лица се лесно сугестибилни, често и без јасни разграничувања помеѓу нормалната сексуалност, т.е. нормални полови односи помеѓу две индивидуи и абнормалното сексуално однесување, не е случајно што во повеќето случаи на сексуална злоупотреба, злоупотребено е токму лице со интелектуална попреченост (Рашиќ&Трајковски, 2006). Терминот „сексуална злоупотреба" го вклучува секој чин на сексуално насилство или непосакуван сексуален контакт, вклучувајки го сексот за кој некој не може да даде согласност (EASPD, 2006).

Под терминот насилен сексуален чин, поконкретно се подразбира:

- да се биде допиран или милуван (на гради, бутини, задник, гениталии), без разлика дали лицето е соблечено или облечено без да се даде соглсност за тоа;
- мастурбација врз или покрај личноста без дадена согласност од двете страни;
- пенетрација, вагинална, орална или анална, без меѓусебна согласност;
- силување или сексуален напад;
- гледање на порнографски снимки со присила и без согласност и
- сексуален/вулгарен или непристоен коментар.

Сексуалната злоупотреба е специјална форма на атак врз човечкиот организам, атак на неговата гордост и достоинство, атак врз неговата срамежливост, чија особена психологија се состои во врската помеѓу два партнери меѓу кои не постои никакво позитивно чувство или премолчена согласност. Тука нема емотивен контакт меѓу партнерите (Шпадијер-Џиниќ, 1988).

Како злоупотребувач не ретко се сретнува и самото лице со интелектуална попреченост, т.е. не е мал бројот на интелектуално попречени лица со девијантно однесување. Основна причина за нарушеното однесување е невозможноста на личноста на интелектуално попреченото дете да постигне задоволување на фундаменталните потреби од љубов и почитување, а детето на кое му е скратена љубовта, реагира најнапред со вознемирување или подолга раздразливост. Оттука детето може да биде немирно и непослушно, во адолесценцијата и деликвентно. Кога пак интелектуално попреченото лице се сретнува како жртва, основни карактеристики по кои може да се препознае се:

- ▷ интелектуално попреченото лице на најразличен начин ќе се обиде да каже дека било злоупотребено, дури и да му било наложено од злоупотребувачот тоа да го чува во тајност;
- ▷ често се случува да повторуваат работи кои им ги кажал злоупотребувачот; може да имаат модринки или отпечатоци од прсти, особено на нивните бутови или рамења;
- ▷ може да добијат сексуално преносилва болест или рецедивирачка уринарна инфекција;
- ▷ не ретко се случува да останат бремени после злоупотребата;
- ▷ може да имаат гребнатинки или крварења во пределот на гениталиите (околу вагиналниот или анален простор);
- ▷ стануваат вознемирени и избегнуваат одредени места и луѓе, без да постои јасна причина за тоа;
- ▷ може да го променат начинот на однесување на сосема поинаков, за кој нема никаква смисла или да регредираат, т.е. да се однесуваат на начин кој бил специфичен за нив на помала возраст.

# IV СЕКСУАЛНА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЛИЦАТА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Според Рашиќ (2009) при половата едукација на лицата со интелектуална попреченост се тргнува од двата генерални проблеми со кои се соочува оваа популација:

- ▷ диференцијација: јавно ↔ приватно (самозадоволување или зборување за нешто интимно во јавност);
- ▷ диференцијација: туѓинец (непознат) ↔ пријател (гушкање или бакнување и отворен разговор со непознато лице) (Sweeny, 2007)

Најдобра реализација на програмските содржини се спроведува преку мултисензорниот пристап, со примена на изворни и импровизирани нагледни материјали (Bratkovich, 2000):

- ▷ Конкретни објекти: анатомски обликувани кукли, хигиенски средства применливи при менструален циклус (влошки, тампони), презервативи и други средства за заштита од несакана бременост.
- ▷ Аудио-визуелни средства: слики, цртежи, извадоци од книги и списанија, документарни филмови, снимки.

Постојат повеќе начини на кои се спроведува половата едукација, но резултатите се значително повисоки доколку има комбинација на методи и техники:

- ▷ вербално излагање;
- ▷ демонстрација;
- ▷ разговор со поставување и одговарање на прашања;
- ▷ поставување и разрешување на проблеми од секојдневниот живот преку играње
- ▷ на улоги;
- ▷ посета на соодветни институции и разговор со стручни лица од дадена тематика;
- ▷ моделирање и цртање (пр.: концентрични кругови, за стекнување на претстава во однос на јавно - приватно, каде најмалиот круг е самото дете, секој нареден круг е одредена група на луѓе, почнувајќи од семејството).

***Препораки за работа со родители***

Родителите се, или би требало да бидат, примарни едукатори во врска со сексот на нивните деца, но многу родители се плашат да зборуваат со нивните деца (попречени или не) во врска со сексуални прашања (според McCabe, 1993). Родителите често се плашат дека:

1) зборувањето за секс ќе ги охрабри нивните деца да експериментираат во сексот;
2) тие (родителите) немаат доволно знаења за да се справат соодветно со прашањата; и
3) нивните деца веќе знаат премногу или премалку.

Родителите на деца кои имаат попреченост може да чувствуваат дека нивните деца се потенцијални мети за сексуална злоупотреба или експлоатација. Родителите исто така може да се плашат дека нивните деца нема да бидат способни да ги изразат нивните сексуални чувства.

Всушност, родителите често се плашат дека разговорите за секс може да предизвикаат проблеми. Но, родителите треба да му помогнат на своето дете, без разлика на неговите/нејзините способности, да развие животни вештини. На пример, без соодветни социјални вештини, младите луѓе може да имаат тешкотии во создавањето и одржувањето на пријателства и може да се чувствуваат осамени и различни.

**Насоки за родителите**

1. На почетокот, секој родител мора да препознае дека секое дете, вклучувајќи го и нивното е сексуално битие, и има сексуално поврзани емоции и желби.

2. Родителот, пред да започне разговор со сопственото дете, треба да ги утврди сопствените вредности и верувања. Родителите треба да бидат искрени со себеси.

3. Родителите треба да започнат да разговараат со своето дете, во врска со сексуалноста, додека се помали. Тие не треба да чекаат, нивните деца да дојдат до пубертет, или подоцна, за да започнат со овие разговори.

4. Родителите треба да употребуваат точни називи за делови на телото и функциите на телото. Истражувањата покажуваат дека кога детето употребува точни називи за приватните делови на телото, поголема е веројатноста дека тие ќе пријават некоја злоупотреба, доколку истата се случи, отколку децата кои не употребуваат правилни термини.

5. Родителите треба да проценат кое е најдоброто време да се спроведат разговорите или стратегиите за комуникација.

6. Треба да се избегнуваат стратегии и временски термини кои не им одговаат на децата или пак на родителите. На пример, можеби е непријатно да се водат овие разговори додека родителите возат кола.

7. Родителите треба да бидат јасни кога разговаат за врските и односите. На пример, доколку сопругот ја нарекува својата сопруга „мамо" или обратно, ситуацијата може да го збуни детето и да прати збунувачки пораки во врска со семејните релации и сексуалноста, наместо да ја објасни врската.

8. Треба да се употребуваат слики, фотографии и други визуелни материјали секогаш кога е возможно. Преку покажувањето на семејни фотографии, родителите може да му ги објаснат различните семејни врски и релации на детето.

9. Родителите треба да употребуваа секојдневни ситуации. На пример, може да се зборува за бременоста на сосетката или бракот, развојот, операцијата на некои пријатели итн.

10. Родителите треба да бидат искрени кога детето ќе постави некои прашања. Ако тие не го знаат одговорот на прашањето, тоа треба да му го кажат на своето дете.

11. Родителите треба да бидат спремни на повторување на информациите по одредено време. Тие не треба да бидат нетрпеливи и да го очекуваат дека нивното дете ќе запомни се што кажуваат или пак дека ќе запомни се што му е кажано.

12. Родителите треба да ги употребат сите расположливи извори на информации - други родители, јавните библиотеки, веб сајтови, книжарници, дефектолози, социјални работници итн.

***Насоки и препораки за професионалците***

Стручниот кадар (дефектолозите, социјалните работници, психолози, негувателки) може да се соочат со проблеми при разговорот за сексуалност со лицата со попреченост. Според Eastgate (2011) овие лица често се таинствени во врска со сексот, а нивните родители може да не бидат свесни или да не ја одобруваат сексуалната активност на нивните деца. Дискусијата може да биде посебно тешка доколку лицето има проблеми во комуникацијата. Сепак со мала упорност, справувањето со сексуалните прашања, не е толку тешко колку што на прв поглед изгледа. Откако ќе се развие доверба во текот на комуникацијата, многу лица со интелектуална попреченост ќе комуницираат отворено и директно во врска со сексуалните прашања. Стручниот кадар би можел да има полза од следниве насоки:

1. Постојат материјали и програми за сексуално образование кои се дизајнирани да ги пресретнат потребите на младинците кои живеат со физичка, емоционална или интелектуална попреченост. Без разлика дали овие лица посетуваат редовно или специјално училиште, живеат во својот дом или пак во институција, тие треба да имаат соодветно сексуално образование. Стручниот кадар треба да има на ум дека иако постојат материјали и насоки за сексуално образование на овие лица, содржината и методите на подучување мора да бидат индивидуализирани.

2. Професионалците секогаш треба да имаат на ум, дека младите лица со интелектуална попреченост имаа чувства, сексуална желба и потреба за интимност и блискост. Со цел да се однесуваат на соодветен начин, секое лице треба да развие соодветни вештини.

3. Тие треба да знаат дека младите лица со попреченост, се многу повеќе подложни на сексуална злоупотреба отколку нивните врсници. Младинците кои живеат со развојни пречки, се посебно ранливи. Сексуалното образование, поради тоа, мора да биде придружено со развој на вештини за спречување на сексуалната злоупотреба и спремност за пријавување или барање на третман поради некоја евентуална несакана сексуална активност.

4. Професионалците треба да имаат многу познавање за видот на попреченост на популацијата со која работат.

5. Материјалите за работа треба да содржат поставени граници и ограничувања. Професионалците треба да играат улоги и да спроведуваат интерактивни вежби. Треба да се употребуваат конкретни стратегии на подучување.

7. Треба да се развиваат специјалнизирани наставни помагала и ресурси за младинците со кои се работи. На пример, може да се употребуваат визуелни помагала како модели, кукли и слики.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Bratkovich, D., 2000. *Edukacija o spolnosti osoba s mentalnom retardacijom-prirucnik*. Zagreb: Hrvatski savez udruga za osobe s mentalnom retardacijom.

2. Craft, A., 1994. *Practice Issues in Sexuality and learning disabilities.* London: Routhledge.

3. EASPD (European Association of Service Providers for People with Disabilities. Together Against Abuse. 2006. Brussels: EASPD.

4. Eastgate, G., 2011. Sex and intellectual disability, *Australian family physician* 40 (4), p. 188-191.

5. Keshav, D., Huberman, B., 2006. Sex Education for Physically, Emotionally and Mentally Challenged Youth [pdf] Available at: http://www.advocatesforyouth.org/storage/advfy/documents/challengedyouth.pdf [Accessed 12 October 2012]

6. McCabe, M.P., 1993. Sex Education Programs for People with Mental Retardation, *Mental Retardation Journal.* 31 (6), p. 377-387

7. Рашиќ, О., 2009. Полова едукација на лицата со инвалидност, *Дефектолошка теорија и практика* 1-2, стр. 7-24.

8. Рашиќ, О., Трајковски, В., 2006. Сексуална злоупотреба на лицата со ментална ретардација, *Дефектолошка теорија и практика* 3-4, стр. 57 - 68.

9. Sweeny, L., 2007. *Human sexuality education for students with special needs*. Kansas City: Marsh Media.

10. Špadijer-Džinić, J., 1988. *Socijalna patologija*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.

11. Закон за семејство 2004 (пречистен текст), Скопје: Службен весник на РМ, бр. 83.

# 05 / СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИ ЛИЦА ВО РИЗИК, СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ ВРЗ МЛАДИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Проф. д-р Сунчица Димитријоска
Институт за социјална работа и социјална политика

## ВОВЕД

Младите имаат право на информации и целосна едукација за сексуалното и репродуктивно здравје. Колку повеќе се информирани, толку повеќе младите луѓе можат да се грижат за себе и за другите и може да донесуваат информирани одлуки поврзани со сексуалноста и со сексуалното и репродуктивно здравје.

Од најраното детство, на децата им се укажува на разликите меѓу половите. Адолесцентите се во ризик од непланирано забременување или од заболување од полово преносливи болести. За потребата од едукација на децата на оваа тема во Република Македонија сè уште нема усогласеност. Во училиштата не е воведен наставен предмет со кој би се предавало само за сексуалното и репродуктивно здравје. Најчесто во рамките на наставниот предмет Биологија делумно се проучува репродуктивна анатомија на човекот, но нема теми за контрацепција, полово преносливи инфекции и сексуално злоставување. Најчесто здруженија на граѓани во училиштата повремено организираат едукации за репродуктивно здравје, со нагласување на ХИВ-инфекциите и превенцијата од нив.

За жал, за сексуалноста со младите најчесто се дискутира кога ќе се појави некој проблем, наместо да им се даде дозвола да поставуваат прашања и да ги изразат своите дилеми во однос на сексуалноста и во процесот на созревање да изградат свој систем на вредности и самопочитување, што ќе им овозможи одговорно да се однесуваат и да носат одговорни одлуки. Крајната цел на едукацијата е да се спречи сексуалната злоупотреба и да се подготват младите за донесување информирани одлуки во однос на сексуалноста и репродуктивното здравје.

# ДЕФИНИЦИЈА НА СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Дефиниција на сексуалното здравје според Светската здравствена организација, технички консултации за сексуално здравје (Светска здравствена организација, 2006):

„Сексуалното здравје е состојба на физичка, емоционална, ментална и социјална благосостојба во однос на сексуалноста; тоа не е само отсуство на болест, дисфункција или немоќ. Сексуалното здравје бара позитивен и почитуван пристап кон сексуалноста и сексуалните односи, како и можност за постоење пријатно и безбедно сексуално искуство, без принуда, дискриминација и насилство. За сексуалното здравје да биде постигнато и да се одржува, сексуалните права на сите лица мора да се почитуваат, да се заштитени и исполнети."

Сеопфатното сексуално образование е дефинирано како „животно долг процес на стекнување информации и формирање ставови, верувања и вредности за идентитетот, врските и интимноста." (SIECUS, 2004).

Сеопфатното сексуално образование мора да опфаќа седум основни компоненти/елементи: пол, сексуално и репродуктивно здравје и права и ХИВ/СИДА (вклучувајќи информации за услуги и клиники), сексуално државјанство, задоволство, насилство, различност и односи.

Терминот сеопфатно укажува на тоа дека овој пристап кон сексуалното образование опфаќа спектар од информации, вештини и вредности да им овозможи на младите луѓе да ги остваруваат своите сексуални и репродуктивни права и да донесуваат одлуки за нивното здравје и сексуалноста. Важно е да се разбере дека сеопфатното сексуално образование нуди полн спектар од можности за младите луѓе да градат безбедни сексуални врски и односи, ослободени од насилство и базирани врз информирани одлуки. Неговата улога е да им помогне на младите луѓе да ги идентификуваат сопствените вредности и да се зголеми нивната свест за сите достапни можности кои се соодветни на нивните потреби.

# КОМПОНЕНТИ НА УЧЕЊЕ

**Темите и целите за учење покриваат четири компоненти на процесот на учење:**

1.Информации: сексуалното образование обезбедува точни информации за човековата сексуалност, вклучувајќи: раст и развој; сексуална анатомија и физиологија; репродукција; контрацепција, бременост и породување; ХИВ и СИДА; СПИ; семејниот живот и меѓучовечки односи; култура и сексуалноста; човекови права, оспособување; недискриминација, еднаквост и родови улоги; сексуално однесување; сексуална разновидност; сексуална злоупотреба; родово насилство и штетни практики.

2. Вредности, ставови и социјални норми: сексуалното образование нуди можности да истражуваме вредности, ставови и норми (лични, семејни и културолошки) во однос на сексуалното однесување, здравје, преземањето ризик и донесувањето одлуки и при разгледувањето на принципите на толеранција, почит, родовата еднаквост, човековите права и еднаквоста.

3. Интерперсонални односи и вештини: сексуалното образование промовира стекнување вештини во однос на: донесување одлуки; самоувереност; комуникација; преговори и одбивање. Таквите вештини можат да придонесат за повеќе и подобри продуктивни односи со членови на семејството, со колегите, со пријателите и со љубовните или сексуалните партнери.

4. Одговорност: сексуалното образование ги охрабрува да ја преземат одговорноста за сопственото однесување и го поттикнува нивното однесување кон други луѓе преку почитување; прифаќање; толеранција и емпатија за сите луѓе, без оглед на нивниот здравствен статус или сексуална ориентација. Сексуалното образование, исто така, инсистира на родовата еднаквост; несакани сексуални односи или принуда на секс и отфрлање на насилството во односите; и практиката на безбеден секс, вклучувајќи точна и доследна употреба на кондоми и други контрацептивни средства.

# КОИ СЕ МЛАДИ ЛИЦА ВО РИЗИК?

Млади лица, помлади од 25 години, кои се наоѓаат во неповолна положба и на кои им е потребна дополнителна помош од страна на јавните институции со цел да се подобрат нивните животни услови. Тие се идентификувани како ранлива група со зголемен ризик за појава на проблеми поврзани со сексуалното здравје во моментот или во иднина. Кај оваа категорија млади луѓе, ризикот за непланирана бременост, сексуално преносливи болести и други проблеми поврзани со сексуалното здравје е повисок.

**Ова група вклучува (но не се ограничува на):**

Деца без родителска грижа и млади лица кои ја напуштиле или треба да ја напуштат институцијата што се грижела за нив .

Млади лица со физичка попреченост или млади/деца со интелектуална попреченост.

Млади лица со проблематично однесување.

Социјално загрозени млади лица.

Рурално изолирани млади лица.

Млади деликвенти.

Малцински етнички групи, вклучително млади бегалци.

Хомосексуалци, бисексуалци или транс-род, односно припадници на LGBT-заедницата.

Млади бездомници.

Млади луѓе со ментално здравствени проблеми.

Млади луѓе кои биле или се во ризик да бидат жртви или, пак, сторители на злоупотреба.

Млади родители.

## ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ КАКО ДЕЛ ОД МЛАДИТЕ ВО РИЗИК

Обезбедувањето какво било сексуално образование за младите луѓе со попреченост е сè уште повеќе исклучок отколку правило. Дури и тогаш кога се зборува за оваа тема, тоа обично не вклучува информации кои се релевантни за одредена попреченост и обично е премногу доцна. Како најчести причини за немањето сексуално образование за лицата со попреченост (особено интелектуална попреченост) се користат: „зошто да ги мачат со секс, кога тие имаат толку многу други работи за кои треба да се грижат, тие никогаш нема да имаат секс“ и „и онака никој нема да ги сака“. Тоа што некому му е дадено добро сексуално образование не е гаранција дека секогаш ќе има партнер или задоволителен сексуален живот. Но, информациите се добри и моќни и само со поседувањето знаење се создава чувството за себеси, се подобрува сопствениот углед и најмногу од сè, се зголемува позитивната слика за себе. Исто така, информациите овозможуваат и превенција од сексуална злоупотреба.

## СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОДНОСИТЕ НА МЛАДИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Тинејџерските години не се лесни за никого, но младите со попреченост можат да доживеат многу дополнителни бариери: недостатокот на приватност, недостаток на мобилност, тешкотии во врска со стандардното сексуално образование, потребата за сексуално образование во однос на нивната попреченост, мислењето дека изгледаат „различно“, чувството дека се издвојуваат, фактот дека за многу попречености им е непријатно да разговараат, посебни проблеми на тинејџерите со новостекната попреченост.

Недостаток на приватноста. На младите со тешка интелектуална или физичка поперेченост, кои не можат да ги реализираат секојдневните активност, или не можат сами да се грижат за себе, им се ускратува приватноста, што значи дека немаат тајни од нивните родители/старатели. Најчесто и без дозвола и објаснување, овие млади лица се допирани, капени, пресоблекувани пред други лица или од други лица, со изговор дека некој мора да се грижи за нив. Да, навистина има ситуации во кои тоа е така, но да не заборавиме дека е потребно на секое лице да му се објасни дека во одредена ситуација некој друг треба да ја одржува личната хигиена за него и да се грижи за него и доколку има можност, да се обезбеди избор за самото лице да го прави тоа. Во ситуацијата на грижа, многупати може да се очекува лицата со попреченост и да немаат тајни пред родителите. Сексуално образование треба да одговори на овој предизвик.

Недостаток на мобилност. Младите со физичка попреченост најчесто немаат можност да возат велосипед, да танцуваат, да се дружат и да излегуваат со своите врсници. Во суштина, повеќето тинејџери со попреченост се чувствуваат изоставени, одбиени и многу често имаат тешкотии да најдат партнер, иако тие сонуваат, како и секое младо момче/девојка и ги имаат истите интереси и потреби.

Сите млади имаат исти права, но кога се работи со сексуалната едукација, многу малку учебници/прирачници се занимаваат со многу специјални и уникатни ситуации во кои се наоѓаат младите со попреченост.

Она што е потребно за да има сексуална едукација/образование во согласност со потребите на лицата со попреченост е да се обезбедат обучени и сензитивизирани

едукатори за сексуалните врски и попреченоста. Едукаторите треба да научат како да им се пријде на поединечните млади, оние коишто бараат помош за својата сексуалност. Клучно е едукаторот да овозможи младите да се чувствуваат удобно да прашаат за тоа што ги интересира поврзано со сексуалноста или за дилемите што ги имаат. Очигледно, потребите за сексуално образование на еден тинејџер кој е со оштетен вид или оштетен слух можат да бидат сосема поинакви од оној кој има мускулна дистрофија, спинална повреда, итн. Но, најважно од сè е нивните потреби да се препознаат и да им се даде можност да се информираат.

Родителите и нивната улога. Обврската на родителите е на детето да му покажат љубов и грижа, да го научат на нормите и на ограничувањата кои ги поставува општеството. Од друга страна, составен дел на процесот на растење е детето да се осамостои и да стане независно од родителите. Љубовта и сексуалноста се еден од главните патишта на ослободување на младата личност. Родителите се наоѓаат во многу спротивставени ситуации, од една страна, треба да бидат одговорни родители (да се грижат за децата), а од друга страна, и да се радуваат на независноста на детето-адолесцентот. Да се биде родител не секогаш е лесна задача.

И најдобрите и најмудрите родители мора се соочат со отфрлање од страна на детето. Родителската одговорност го подразбира и справувањето со сознанието дека се отфрлени од децата, како и прифаќањето дека не треба да се мешаат во приватните работи на детето. Постои еден природен лимит помеѓу родителите и децата, кој не дозволува размена на премногу интимни информации помеѓу нив. Самата улога на родител и улогата на дете создава пречки за интимни разговори, така што се случува адолесцентите почесто да им се доверуваат на пријателите, на другите роднини или соседи отколку на родителите. Како резултат на ова, улогата на родителите за сексуалната едукација е ограничена и треба да се работи врз нејзиното зајакнување.

Примарното семејство треба да биде место каде што адолесцентот ќе стекне дел од своите знаења и точни информации, но тие не се сосема доволни.

Улогата на пријателите. Пријателите се важен извор на информации за сексуалноста, љубов и врски за младите луѓе. Освен тоа, пријателите се поддршка во моменти на тагување поради прекинот на врските, понекогаш посредници во лични врски или извор на информации доколку имале некакви искуства за она што се разговара. Сите овие се важни улоги, иако често се извор на погрешни информации, недоразбирања, предрасуди врз основа на искуства на другите. Токму затоа потребна е и дополнителна поддршка и сексуална едукација.

Улогата на наставниците. Наставниците и професорите се значајни фигури кои треба младите да ги информираат и да ги едуцираат за сексуалноста и репродуктивното здравје. Притоа, едукацијата насочена само на проблемите младите и не ја препознаваат. Ако се случи тоа, младите не ги слушаат пораките кои им се праќаат, сметајќи дека не се за нив. Затоа е значајно сексуалната едукација да опфаќа точни, сеопфатни информации за позитивните аспекти на сексаулноста и репродуктивното здравје, информации кои на младите ќе им дадат можност за раст и развој и за информирано донесување одлуки.

## УЛОГАТА НА СОЦИЈАЛНИОТ РАБОТНИК ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ И НА МЛАДИТЕ ВО РИЗИК

Социјалните работници работат со младите во ризик, меѓу кои се и лицата со попреченост, во здравствени, образовни и социјални установи. Најголемиот дел на интервенциите на социјалните работници се во однос на остварувањето парични права: детски додаток, посебен додаток, стипендии за ученици со посебни потреби за вклучување во средното образование, паричен надоместок за скратено работно време на мајка која се грижи за дете со телесни или ментални пречки, како и права во областа на институционална заштита – сместување во установите. Со процесот на деинституционализација се зајакнуваат вонистутуционални форми на заштита на лицата со сместување во згрижувачки семејства, мали групни домови со поддршка и дневни центри. Активностите кои ги остварува социјалниот работник се и застапување при загрозувањето на правата и интересите на децата/лицата, како и при назначувањето старател.

Во рамките на своите активности, социјалниот работник остварува и едукативни активности со младите во ризик, како и со младите со попреченост, притоа секогаш имајќи предвид дека секој млад човек е уникатен и може да има потреба од специјализирана програма или ресурси. Исто така и секој адолесцент кој живее со попреченост е индивидуа со индивидуални реакции и потреби за сексуално образование/сексуална едукација.

Социјалните работници кои работат во установите од областа на: социјалната заштита, образованието, здравството мора внимателно да ги користат општите насоки. Тие можат или не можат да понудат соодветни ресурси за да се исполнат одредени потреби на поединецот.

1. Запомнете дека младите луѓе имаат чувства, сексуална желба и потреба за интимност и блискост. Со цел да се однесуваат на сексуално одговорен начин, секој треба да поседува вештини, знаење и поддршка т.е. треба да добие сексуална едукација, во согласност со индивидуалните потреби и интереси и развојниот стадиум во кој се наоѓа.

2. Разберете дека младите со попреченост се далеку поподложни на сексуална злоупотреба отколку нивните врсници. Младите со попреченост се особено ранливи. Сексуалното образование/сексуалната едукација, затоа, мора да ги зајакне нивните вештини, со цел да се спречи сексуалната злоупотреба и да се охрабрат тие млади да ги пријават несаканите сексуални активности.

3. Запомнете дека младите кои се соочуваат со попреченост ја чувствуваат истата непријатност и страдаат од истиот недостаток на информации кои попречува многумина од нивните врсници во врска со сексуалноста и сексуалното здравје.

4. Научете колку што можете повеќе за лицата со попреченост со кои работите, како и за лицата во ризик.

5. Потпрете се на играњето улоги и интерактивни вежби. Користете конкретни наставни стратегии.

6. Бидете креативни. Развијте специјализирани алатки за учење и ресурси за младите со кои работите. На пример, оние кои работат со младите кои имаат попреченост можеби ќе треба да користат визуелни алатки, како што се моделите, куклите и сликите.

Дополнително, може да биде корисно да се користат приказни и примери на други лица со слични пречки кои имаат љубовно задоволување и интимни односи.

Соодветната сексуална едукација/сексуално образование, доколку сѐ е објаснето на позитивен начин, значи дека младите се соочени со знаење и дека на крајот, тие ќе бидат во можност да го најдат тоа што тие го бараат и да уживаат во исполнување на личниот живот. Прашањата кои треба да се решат за време на сексуалното образование на тинејџерите со попреченост најдобро е да се решаваат во помала група.

# ПРИЛОГ

Резолуција на Генералното собрание бр.48/96 од 20 декември 1993 година

Стандардно правило ОН

**Правило 9. Семеен живот и личен интегритет**

Државата треба да поттикне целосно учество на лицата со инвалидност во семејниот живот, таа треба да се залага за остварување на нивните права за личен интегритет, како и да обезбедува лицата со инвалидитет да не бидат законски дискриминирани во поглед на сексуалните односи, бракот и родителство.

**1. На лица со инвалидност треба да им се овозможи да живеат со свои семејства. Државата треба да ги поттикнува семејните советувалишта и стекнување** на содветни знаења за инвалидноста и нејзините ефекти на семејниот живот. На семејства во кои има лица со инвалидност треба да им се овозможат соодветни услуги за поддршка во нега. Државата треба да елиминира пречки за лица кои сакаат да негуваат или посвојат дете или возрасно лице со инвалидност.

**2. На лицата со инвалидност не смее да им се ускрати можност да доживеат сопствена сексуалност, да имаат сексуални односии и постанат родители.** Имајќи во предвид дека лицата со инвалидност може да се сретната со потешкотии во склучувањето на брак и создавање на семејство, државата треба да поттикнува да за такви лица обезбеди соодветно советувалиште. Лицата со инвалидност мора да имаат иста можност на пристап како и останатите граѓани на методите за планирање на семејство, како и соодветните информацииза сексуално функционирање на нивното телото, кое треба да им биде достапно во прифатлива форма.

**3. Државата треба да поттикне промена на негативен став кон бракот**, сексуалноста и родителство на лица со инвалидност кои преовладуваат во општество, а посебно кога се работи за девојки и жени со инвалидност.

Средствата за јавно информирање треба да поттикнат и да одиграат значајна улога во отклонувањето на негативните ставови.

**4. Лица со инвалидност и нивните семејства треба да бидат целосно информирани** за преземање на мерки против сексуални и други злоупотреби. Лица со инвалидност се посебно подложни на злоупотреба во рамките на семејството, заедницата или институцијата и треба да се научат како да ја избегнат злоупотребата, како да ја препознаат злоупотребата и како да ја пријават.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


1. Burke M. A, Dunbar R, Fajth G, Harwin J, Motivans A, Posarac A, Sborgi E. Children at Risk in Central and Eastern Europe: Perils and Promises. Florence: UNICEF; 1999.

2. Cantwell N, Fajth G, Gantcheva R, Kolev A, Micklewright J, Marnie S, Motivans A. Young People in Changing Societies. Florence: UNICEF; 2000.

3. Centerwall Erik and Stolverket (2000) 'Love! You can really feel it, you know!',

4. Резолуција на Генералната скупштина бр.48/96 од 20 декември 1993 година

5. Lottes I. Macro Determinants of Sexual Health. In: Lottes, Kontula, editors. New Views on Sexual Health. Helsinki: The Population Research Institute; 2000. p. 29–49.

6.http://www.publiceye.org/magazine/v23n3/abstaining_from_the_truth.html

7. http://www.humanrights.is/the-human-rights-project/humanrightscasesandmaterials/humanrightsconceptsideasandfora/Undirflokkur/children/

8. http://www.right-to-education.org/country-node/378/country-constitutional

9.http://www.nspcc.org.uk/Inform/resourcesforprofessionals/sexualabuse/identifying_sexually_exploited_children_wda85119.html

10. http://www.childrensactionplan.govt.nz/green-paper/project-definition/the-government-s-proposed-actions

11. http://www.whatworksforwomen.org/chapters/23-Care-and-Support/sections/73-Orphans-and-Vulnerable-Children

12. http://infochangeindia.org/hiv-aids/vulnerable-groups/street-children-and-aids-a-hidden-time-bomb.html

13. http://www.teachingexpertise.com/articles/education-vulnerable-children-keeping-safe-552

14. http://www.advocatesforyouth.org/publications-by-topic

15.http://www.naswdc.org/practice/adolescent_health/ah0202.asp

16.http://www.guttmacher.org/pubs/gpr/14/3/gpr140317.html

17.https://www.childwelfare.gov/pubs/usermanuals/sexabuse/sexabusef.cfm

18.http://www.unfpa.org/webdav/site/global/groups/youth/public/Comprehensive%20Sexuality%20Education%20Advancing%20Human%20Rights%20Gender%20Equality%20and%20Improved%20SRH-1.pdf

19. http://www.sexeducationforum.org.uk/resources.aspx



Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

A Member Association of
IPPF International Planned Parenthood Federation
European Network

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ